**МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**ВО РАМКИТЕ НА НАУЧНИОТ ПРОЕКТ**
**„ТРАУМАТА ВО ЛИТЕРАТУРАТА“**

Траумата во литературата
13-14 мај 2026
ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# КНИГА НА АПСТРАКТИ

Институт за македонска литература – Скопје (ИМЛ)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ)

Скопје, 2026

Издавач
Институт за македонска литература – Скопје

Организациски одбор
Ана Мартиноска (раководителка на проект)
Наташа Аврамовска (директор на ИМЛ)
Дарин Ангеловски
Жарко Иванов
Ана Јовковска (секретарка на проект)

Лектура на македонски јазик
Весна Костовска

Превод на англиски јазик
Емили Сапунџија

Дизајн на корица
Крсте Господиновски

Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Проектот „Траумата во литературата“ е финансиски поддржан
од Министерството за образование и наука на РС Македонија

# INTERNATIONAL CONFERENCE
# WITHIN THE SCIENTIFIC PROJECT
# *TRAUMA IN LITERATURE*

Trauma in literature

13-14 May 2026
INSTITUTE OF MACEDONIAN LITERATURE
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

# BOOK OF ABSTRACTS

Institute of Macedonian Literature – Skopje (IML)
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje (UKIM)

Skopje, 2026

Publisher
Institute of Macedonian Literature – Skopje

Organizing Commitee
Ana Martinoska (Head of a Research Project)
Natasha Avramovska (Director of IML)
Darin Angelovski
Zharko Ivanov
Ana Jovkovska (Project Secretary)

Macedonian Proofreading
Vesna Kostovska

Translation into English
Emili Sapundzija

Design
Krste Gospodinovski

Republic of North Macedonia
Ministry of Education and Science

The project 'Trauma in Literature' is financially supported by the Ministry of Education and Science of the Republic of North Macedonia

# СОДРЖИНА / CONTENT

**Ана Мењхерт**
СТУДИИТЕ НА ТРАУМАТА КАКО ПОВРЗУВАЧКИ ЈАЗОЛ: КОН ТРАНСДИСЦИПЛИНАРНА РАМКА.................................11
**Anna Menyhért**
TRAUMA STUDIES AS A CONNECTIVE HUB: TOWARDS A TRANSDISCIPLINARY FRAMEWORK................12

**Тихомир Брајовиќ**
ВО ИМЕТО НА НАРОДОТ И ИМЕТО НА ТАТКОТО: ТРАУМАТА НА ИДЕНТИТЕТОТ ВО СОВРЕМЕНИОТ РЕГИОНАЛЕН РОМАН.....................................................................13
**Tihomir Brajović**
IN THE NAME OF THE PEOPLE AND THE NAME OF THE FATHER: IDENTITY TRAUMA IN THE CONTEMPORARY REGIONAL NOVEL.....................................................................14

**Сањин Кодриќ**
ЛИТЕРАТУРАТА НА ТРАУМАТА: ТРАУМАТА КАКО ГЕНЕРАТОР НА ЛИТЕРАТУРНО-КУЛТУРНИОТ РАЗВОЈ НА БОСАНСКАТА И БОСАНСКО-ХЕРЦЕГОВСКАТА ЛИТЕРАТУРА (СПОРЕД КОМПАРАТИВНА ИНТЕРЛИТЕРАРНА И ИНТЕРКУЛТУРНА ПЕРСПЕКТИВА).......................................16
**Sanjin Kodrić**
LITERATURE OF TRAUMA: TRAUMA AS A GENERATOR OF THE LITERARY-CULTURAL DEVELOPMENT OF BOSNIAK AND BOSNIAN-HERZEGOVINIAN LITERATURE (COMPARATIVE INTERLITERARY AND INTERCULTURAL PERSPECTIVE).....................................................................17

**Никица Гилиќ**
ВОЕНАТА ТРАУМА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА КИНЕМАТОГРАФИЈА - ОД „СЛАВИЦА“ НА ВЈЕКОСЛАВ АФРИЌ ДО „ТРИТЕ АНИ“ НА БРАНКО БАУЕР, ИЛИ ПОСТЕПЕНОТО ИСЧЕЗНУВАЊЕ НА ХЕРОИНАТА................19

**Nikica Gilić**
WAR TRAUMA IN YUGOSLAV CINEMA - FROM VJEKOSLAV AFRIĆ'S *SLAVICA* TO BRANKO BAUER'S *THREE ANAS*, OR THE GRADUAL DISSAPEARANCE OF THE HEROINE............20

**Ана Мартиноска, Жарко Иванов**
ТРАУМАТА НА СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС ОД 1963 Г. НИЗ ПРИЗМАТА НА ТАЖАЧКИТЕ НАРОДНИ ПЕСНИ И НОВОКОМПОНИРАНИТЕ ЕЛЕГИИ.............................................22
**Ana Martinoska, Zharko Ivanov**
THE TRAUMA OF THE 1963 SKOPJE EARTHQUAKE THROUGH THE LENS OF LAMENTS AND NEWLY COMPOSED ELEGIES..........................................................................23

**Илија Велев**
ЖИТИЈНИТЕ ТВОРБИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СВЕТИТЕЛИ ПУСТИНОЖИТЕЛИ: МЕЃУ КУЛТНАТА И КНИЖЕВНОТВОРЕЧКАТА ИНТЕРАКЦИЈА НА САМОЖРТВАТА И ТРАУМАТА......................................................25
**Ilija Velev**
HAGIOGRAPHIC COMPOSITIONS ABOUT MACEDONIAN ANCHORITE SAINTS: BETWEEN CULTIC AND LITERARY INTERACTION OF SELF-SACRIFICE AND TRAUMA..............26

**Маја Јакимовска-Тошиќ**
ОТУЃУВАЊЕТО НА СРЕДНОВЕКОВНОТО РАКОПИСНО НАСЛЕДСТВО КАКО СВОЕВИДНА МАКЕДОНСКА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКА ТРАУМА.............................................28
**Maja Jakimovska-Toshikj**
APPROPRIATION OF MEDIEVAL MANUSCRIPT HERITAGE AS PARTICULAR MACEDONIAN CULTURAL-HISTORICAL TRAUMA...............................................................................................29

**Славица Петровска-Ѓорѓевска**
ТРАУМАТА И РЕЛИГИОЗНИОТ КОНФЛИКТ НИЗ ПРИЗМАТА НА СРЕДНОВЕКОВНАТА КНИЖЕВНОСТ.........31
**Slavica Petrovska-Gjorgjevska**
TRAUMA AND RELIGIOUS CONFLICT THROUGH THE LENS OF MEDIEVAL LITERATURE...............................................32

**Ема Лакинска**
АРХЕТИПСКИТЕ ОДГЛАСИ НА ТРАУМАТА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА СКАЗНА........................................33
**Ema Lakinska**
ARCHETYPAL RESPONSES TO TRAUMA IN MACEDONIAN FOLK TALES............................................................34

**Дарин Ангеловски**
ИДЕАЛОТ ХЕРОЈСКА СМРТ И МЕНТАЛИТЕТИТЕ НА ОПЛАКУВАЊЕ КАЈ ХОМЕР И ПРЛИЧЕВ ...................................35
**Darin Angelovski**
THE HEROIC DEATH IDEAL AND THE MENTALITIES OF MOURNING IN HOMER AND PRLICHEV.....................................36

**Валентина Миронска-Христовска**
ТРАУМАТА КАЈ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД ПОЛИТИЧКИТЕ, ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДУХОВНИТЕ ПРИЛИКИ ВО 19 ВЕК ............................................37
**Valentina Mironska-Hristovska**
TRAUMA AMONG MACEDONIAN PEOPLE AS CONSEQUENCE OF POLITICAL, SOCIAL AND SPIRITUAL CIRCUMSTANCES IN 19. CENTURY .............................................38

**Славчо Ковилоски**
ТРАУМАТА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (1903-1912).........................................................................39
**Slavcho Koviloski**
TRAUMA AFTER THE ILINDEN UPRISING (1903 TO 1912)...................................................................40

**Марина Цветаноска**
ПОЕТИКИ НА КОЛЕКТИВНАТА ТРАУМА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ПО ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА (1913-1918) ..............................................42
**Marina Cvetanoska**
POETICS OF COLLECTIVE TRAUMA IN MACEDONIAN LITERATURE AFTER MACEDONIA’S DIVISION (1913-1918)..........................................................................43

**Соња Стојменска-Елзесер**
ХУМОРОТ ВО УМЕТНИЧКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОСТ-ТОТАЛИТАРНАТА ТРАУМА ....................................45
**Sonja Stojmenska-Elzeser**
HUMOR IN THE ARTISTIC REPRESENTATION OF POST-TOTALITARIAN TRAUMA ....................................46

**Јасмина Мојсиева-Гушева**
ТРАУМА И СЕЌАВАЊЕ: МАКЕДОНСКИТЕ РОМАНИ ПОСВЕТЕНИ НА ГОЛИ ОТОК ....................................48
**Jasmina Mojsieva-Gusheva**
TRAUMA AND MEMORIES: MACEDONIAN NOVELS DEDICATED TO GOLI OTOK ....................................49

**Ѓоко Здравески**
СВЕТ ЧОВЕК ИЛИ СКРШЕН ЧОВЕК? (КОЈ ГО ПРЕЖИВУВА ЛОГОРОТ?) ....................................51
**Gjoko Zdraveski**
SACRED MAN OR BROKEN MAN? (WHO SURVIVES CAMPS?) ....................................52

**Гоце Смилевски**
ТРАУМАТА И КРИЗАТА НА ЕВРОПСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО РОМАНИТЕ „ВОЛШЕБНИОТ РИД“ ОД ТОМАС МАН И „ПРОСТУВАЊЕ“ ОД КИЦА КОЛБЕ ....................................53
**Goce Smilevski**
THE TRAUMA AND THE CRISIS OF EUROPEAN IDENTITY IN THE NOVELS *THE MAGIC MOUNTAIN* BY THOMAS MANN AND *FORGIVENESS* BY KICA KOLBE ....................................54

**Африм Реџепи**
ТРАУМАТА ВО РОМАНИТЕ НА ЛУАН СТАРОВА ....................................55
**Afrim Rexhepi**
TRAUMA IN LUAN STAROVA’S NOVELS ....................................56

**Наташа Аврамовска**
ТЕЛОТО, ТЕЛО НА НЕЈЗИНОТО ТЕЛО ....................................58
**Natasha Avramovska**
THE BODY, BODY OF THE OTHER BODY ....................................59

**Лорета Георгиевска-Јаковлева**
ИСТОРИСКАТА ТРАУМА И СОВРЕМЕНОСТА........................61
**Loreta Georgievska-Jakovleva**
HISTORICAL TRAUMA AND CONTEMPORANEITY ................62

**Мишел Павловски**
ТРАУМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО МАКЕДОНСКАТА
ДРАМАТИКА ПРЕД И ПО 90-ТИТЕ..............................................63
**Mishel Pavlovski**
TRAUMATIC CHANGES IN MACEDONIAN PLAYS
PRE AND POST 90-IES.......................................................................65

**Биљана Рајчинова-Николова**
РАЗЛИЧНИТЕ МОЖНИ ИСХОДИ ОД НЕОЧЕКУВАНИТЕ
ОПШТЕСТВЕНИ И ТРАУМАТСКИ ПРОМЕНИ.........................67
**Biljana Rajchinova-Nikolova**
POSSIBLE VARIOUS OUTCOMES OF UNEXPECTED
SOCIETAL AND TRAUMATIC CHANGES....................................68

**Тамара Ќупева**
ГЛАСОВИ НА ТЕЛОТО: АРХИВИ НА СВЕДОШТВА
(ПАТОГРАФИЈА И ФИКЦИЈА).......................................................70
**Tamara Kjupeva**
VOICES OF THE BODY: ARCHIVES OF TESTIMONIES
(PATHOGRAPHY AND FICTION).....................................................71

**Ана Јовковска**
ТРАУМАТА И БОРБАТА СО СМРТТА ВО РОМАНИТЕ
„СÉ УШТЕ МОЖАМ НЕШТО ДА СТОРАМ“ ОД
ФРОСИНА ПАРМАКОВСКА И „НЕКОЈ БИЛ ТУКА“
ОД НИКОЛИНА АНДОВА-ШОПОВА............................................72
**Ana Jovkovska**
TRAUMA AND THE STRUGGLE WITH DEATH IN THE
NOVELS *I CAN STILL DO SOMETHING* BY
FROSINA PARMAKOVSKA AND *SOMEONE WAS HERE*
BY NIKOLINA ANDOVA-SHOPOVA ...............................................73

**Сара Цветаноска**
ВНАТРЕШНИТЕ ОДАИ НА МОДЕРНАТА: ТРАУМА, РОД И СУБЈЕКТИВНОСТ ВО ДЕЛАТА НА КИНЕСКИТЕ ПИСАТЕЛСКИ ОД МОДЕРНИОТ ПЕРИОД ................................ 74
**Sara Cvetanovska**
THE INNER CHAMBERS OF MODERNISM: TRAUMA, GENDER AND SUBJECTIVITY IN THE WORKS OF CHINESE WOMEN WRITERS IN THE MODERN PERIOD .......................... 75

**Винсент Вилчник**
ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИ И СЕМЕЈНИ ПСИХОЛОШКИ ТРАУМИ ВРЗ СЛЕДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ВО РОМАНОТ „ЕДИНСТВЕН МАТИЧЕН БРОЈ“ НА ЛИДИЈА ДИМКОВСКА И „ПРОСТУВАЊЕ“ НА КИЦА КОЛБЕ ............ 76
**Vinsent Vilcnik**
TRANSMISSION OF COLLECTIVE AND FAMILY PSYCHOLOGICAL TRAUMAS ON SUBSEQUENT GENERATIONS IN THE NOVELS *UNIQUE CITIZEN NUMBER* BY LIDIJA DIMKOVSKA AND *FORGIVENESS* BY KICA KOLBE ........................................................................ 77

**Сарита Трајанова**
ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КНИЖЕВНОСТА И НИВНОТО ДЕЛУВАЊЕ ВО ТУРБУЛЕНТНИ ОКОЛНОСТИ .. 79
**Sarita Trajanova**
INSTITUTIONS IN THE FIELD OF LITERATURE AND THEIR FUNCTIONING IN TURBULENT CIRCUMSTANCES ................ 80

**Ана Мењхерт**
Катедра за странски јазици, литератури и модерни култури,
Универзитет во Торино

## СТУДИИТЕ НА ТРАУМАТА КАКО ПОВРЗУВАЧКИ ЈАЗОЛ: КОН ТРАНСДИСЦИПЛИНАРНА РАМКА

Траумата стана еден од концептите што ја дефинираат современата мисла, така што е распространета во психологијата, психијатријата, хуманистичките науки, како и општествените науки, политиките и јавниот дискурс. Сепак, овие области се сѐ повеќе специјализирани и постојат како паралелни дискурси со заедничка тема, без да го споделуваат знаењето.

Ова обраќање тргнува од претпоставката дека оваа фрагментација не е само институционална, туку е поврзана и со тоа како се разбира самата траума. Следејќи ја забелешката на Кети Карут дека траумата може да функционира како врска меѓу културите, ѝ пристапувам на траумата како поврзувачки феномен што ги надминува границите на поединечните дисциплини.

Ги преиспитувам студиите на траума како поврзувачки јазол низ призмата на трансдисциплинарноста. Трудот ја опишува промената на парадигмата, од фрагментирани пристапи врзани за одредена дисциплина кон меѓусебно поврзана рамка. Оваа промена е изразена преку шест концепти кои што можат да се користат за анализа во хуманистичките науки. Овие концепти се историската траума; патешествието на претставите за траума; трансгенерациските крстосници на идентитетите; траумата на сведоците; историската емпатија и дигиталната имерзија. Заедно, овие концепти ни овозможуваат да следиме како траумата се произведува и трансформира низ времето, медиумите и општествените позиции.

**Anna Menyhért**
Department of Foreign Languages, Literatures and Modern Cultures,
University of Turin

## TRAUMA STUDIES AS A CONNECTIVE HUB: TOWARDS A TRANSDISCIPLINARY FRAMEWORK

Trauma has become one of the defining concepts of contemporary thought, extending across psychology, psychiatry, the humanities, as well as social sciences, policy and public discourse. Yet these fields are increasingly specialised and exist as parallel discourses with a shared theme, without sharing their knowledge.

This talk starts from the assumption that this fragmentation is not only institutional, but related to how trauma itself is understood. Following Cathy Caruth's observation that trauma may function as a link between cultures, I approach trauma as a connective phenomenon that exceeds the boundaries of individual disciplines.

I reconsider trauma studies as a connective hub through the lens of transdisciplinarity. The talk outlines a paradigm shift from fragmented and discipline-bound approaches towards an interconnected framework. This shift is articulated through six concepts that can be used for analysis in the humanities. These concepts are historical trauma; the peregrination of trauma imagery; transgenerational intersections of identities; bystander trauma; historical empathy and digital immersion. Taken together, these concepts allow us to trace how trauma is produced and transformed across time, media, and social positions.

**Тихомир Брајовиќ**
Филолошки факултет,
Универзитет во Белград

# ВО ИМЕТО НА НАРОДОТ И ТАТКОТО: ИДЕНТИТЕТСКАТА ТРАУМА ВО СОВРЕМЕНИОТ РЕГИОНАЛЕН РОМАН

Трудот го разгледува проблемот на (само)разбирање на колективен/културолошки идентитет во контекст на современата романескна продукција од просторот на поранешна Југославија. Почнувајќи од сфаќањето дека романот како жанр низ историјата го придружувал подемот на националните држави, трудот ги разгледува културолошките концепти за национален идентитет и книжевните рефлексии за трауматските искуства за време на и по распадот на југословенската наднационална држава.

Притоа, најважен теоретски концепт за нас беше психоаналитичкиот поим за името на таткото (“Nom-du-Père”, Ж. Лакан), таканаречената татковска метафора, како една од историски „доминантните фикции“ (К. Силверман), што на симболично ниво упатува на доминација на означителот на законот/редот и кохерентното колективно саморазбирање врз дисоцијативните ефекти на Желбата како израз на она што конвенционално се познати како неконтролирани и нескротливи „мајчински“ инстинкти. Романите од доцниот и пост-југословенскиот период покажуваат различни симптоми за кризата на тој поим. Воените случувања, промените во општествениот поредок и кај идеолошките матрици, реафирмацијата или проблематизирањето на ново-старите национални идентити, како најочигледни феномени во романите на писателите од поновите

генерации, неизбежно го продлабочуваат културолошкото сомневање во синдромот/метафората за Татко.

Кованицата „идентитетска траума“ и сè што таа подразбира во овој труд се користи како хеуристичка лозинка за постапката на панорамско и парадигматско толкување на симболички двосмисленото, што истовремено значи носталгично и критичко-иронично ревидирање на патријархално-авторитарниот концепт во романите на современите регионални писатели (Д. Албахари, М. Јерговиќ, М. Продановиќ, Г. Милашиновиќ, Б. Сејрановиќ, Д. Каракаш, Г. Војновиќ, В. Тасиќ, Н. Величковиќ, Л. Димковска, И. Симиќ Бодрожиќ, К. Новак, А. Николаидис, В. Табашевиќ, и др.). Гледана на овој начин, наративната книжевна уметност можеби може да се разбере како своевидна лабораторија на нови културулошки обрасци во регионот, како и ново сфаќање на неговата иднина.

**Tihomir Brajović**
Faculty of Philology,
University of Belgrade

## IN THE NAME OF PEOPLE AND THE NAME OF FATHER: IDENTITY TRAUMA IN THE CONTEMPORARY REGIONAL NOVEL

This paper addresses the problem of collective/cultural identity (self)understanding in the context of a contemporary novel production from the area of the former Yugoslavia. Starting from the understanding that the novel genre historically accompanies the rise of nation-state formations, the paper examines cultural conceptions of national identity and the literary reflections of traumatic experiences during and after the breakup of the Yugoslav supra-national state.

In doing so, the most important theoretical concept for us was the psychoanalytical notion of Name-of-Father ("Nom-du-Père", J. Lacan), the so-called Paternal metaphor, as one of historically "dominant fictions" (K. Silverman), that on a symbolic level implies the signifier dominance of the Law/Order and coherent collective self-understanding over the dissociative effects of Desire as expression of what conventionally is known as uncontrolled and untamable "maternal" instincts. The novels of the late and post-Yugoslav period show different symptoms of the crisis of that concept. War events, changes in social arrangements and ideological matrices, the reaffirmation or problematization of new-old national identities, as the most obvious phenomena in the novels of writers of the new generations, inevitably deepen the cultural questioning of the Father syndrome/metaphor.

A coin term "identity trauma" and all that goes with it in this paper is used as heuristic password for the procedure of panoramic and paradigmatic interpretation of the symbolically ambiguous, which means at the same time nostalgic and critical-ironic revision of the patriarchal-authoritative conception in the novels of contemporary regional writers (D. Albahari, M. Jergović, M. Prodanović, G. Milašinović, B. Sejranović, D. Karakaš, G. Vojnović, V. Tasić, N. Veličković, L. Dimkovska, I. Simić Bodrožić, K. Novak, A. Nikolaidis, V. Tabašević, etc). Viewed in this way, narrative literary art could perhaps be understood as a kind of laboratory of new emerging cultural patterns in the region, as well as a new understanding of its future.

**Сањин Кодриќ**
Филозофски факултет,
Универзитет во Сараево

# КНИЖЕВНОСТА НА ТРАУМАТА: ТРАУМАТА КАКО ГЕНЕРАТОР НА КНИЖЕВНО-КУЛТУРНИОТ РАЗВОЈ НА БОШЊАЧКАТА И БОСАНСКОХЕРЦЕГОВСКАТА КНИЖЕВНОСТ (Компаративна интерлитерарна и интеркултурна перспектива)

Заснован на темелите на теоријата на траума и културна меморија, како и на интерлитерарната и интеркултурната историја на книжевноста и други сродни современи теориско-методолошки пристапи, трудот се занимава со врската меѓу културно-општествената траума и историско-културниот развој на бошњачката и босанскохерцеговската книжевност. Имено, просторот на Босна и Херцеговина, како и поширокиот животен простор особено на бошњачкиот народ, е простор со многу сложена и тешка, најчесто навистина трауматска историја, подеднакво како и простор со многубројни граници и разлики, вклучувајќи ги и граничните средби на различни културно-цивилизациски обрасци, неретко по трагата на сложените и тешки историски случувања. Овие историски процеси директно влијаеја и на книжевноста во Босна и Херцеговина, особено на книжевноста на Бошњаците, од една страна, при што, од друга страна и самата книжевност има многу важна улога во овие процеси, функционирајќи како еден од индикаторите, но и како еден од дискурсите за артикулирање на пошироката културно-општествена траума. Сето ова ја направи севкупната босанскохерцеговска, а особено бошњачката книжевност, своевидна *книжевност на сеќавањето,* но и *книжевност на траума*, а што низ различни и многу важни начини се

забележува и она кога се зборува за нивниот книжевно-културен развој во целина, почнувајќи од средновековната па сè до поновата книжевна пракса, вклучувајќи и низа на особени феномени во поширокатa компаративна интерлитерарна и интеркултурна пракса.

**Sanjin Kodrić**
Faculty of Philosophy,
University of Sarajevo

## LITERATURE OF TRAUMA: TRAUMA AS A GENERATOR OF THE LITERARY-CULTURAL DEVELOPMENT OF BOSNIAK AND BOSNIAN-HERZEGOVINIAN LITERATURE (Comparative Interliterary and Intercultural Perspective)

Grounded in the theoretical frameworks of trauma and cultural memory, as well as interliterary and intercultural literary history and other related contemporary theoretical-methodological approaches, this paper examines the relationship between socio-cultural trauma and the historical-cultural development of Bosniak and Bosnian-Herzegovinian literature. Indeed, the territory of Bosnia and Herzegovina, as well as the broader living space of the Bosniak people in particular, represents a space of profoundly complex and difficult, most often genuinely traumatic history, as well as a space of numerous borders and differences, including border encounters of diverse cultural-civilizational patterns, frequently shaped by precisely such complex and difficult historical events. These historical processes have directly impacted literature in Bosnia and Herzegovina, especially Bosniak literature, on the one hand, while on the other hand literature itself has played a crucial role in these processes, functioning both as an indicator and as one of the discourses

articulating broader socio-cultural trauma. This has rendered Bosnian-Herzegovinian literature, and Bosniak literature in particular, a literature of memory and, at the same time, a literature of trauma—something that manifests itself in a variety of significant ways, even when considering their overall literary-cultural development, from medieval traditions to contemporary literary practice, including a range of distinctive phenomena within a broader comparative interliterary and intercultural perspective.

**Никица Гилиќ**
Факултет за хуманистички и општествени студии,
Академија за драмски уметности,
Универзитет во Загреб

# ВОЕНАТА ТРАУМА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА КИНЕМАТОГРАФИЈА – ОД „СЛАВИЦА“ НА ВЈЕКОСЛАВ АФРИЌ ДО „ТРИТЕ АНИ“ НА БРАНКО БАУЕР, ИЛИ ПОСТЕПЕНОТО ИСЧЕЗНУВАЊЕ НА ХЕРОИНАТА

Трауматските искуства во војна честопати се разработувани на филм – Жан Реноар, Џон Форд, Виторио де Сика, Роберто Роселини и многу други познати режисери ги прикажале ужасите на војната во различни стилови, но на очигледно трауматичен начин, со што се потврдува склоноста на класичната психологија и психоанализата на филмот да го третираат филмскиот екран како бојно поле на трауматски настани и различните реакции на нив. Меѓутоа, југословенската кинематографија, почнувајќи со „Славица“ на Вјекослав Африќ, честопати се обидуваше да ја обои траумата со херојски наративни структури, дури и кога притоа хероината умира. Целта на овој труд е да дискутира како македонските и југословенските филмови по Втората светска војна (на пример, „Фросина“ на Воислав Нановиќ и „Мис Стон“ на Живорад Митровиќ) ја разработуваат воената траума во контекст кога хероината се става во или блиску до центарот на наративниот свет, што води до „Трите Ани“ на Бранко Бауер, каде што херојот на приказната буквално ја бара исчезнатата хероина од семејната мелодрама, патува низ Југославија, запознава три можни Ани (а ниту една не е неговата ќерка). Контрастот помеѓу „Славица“ и „Трите Ани“ е навистина видлив и значаен, бидејќи се откриваат стратегиите за

справување со војната, траумата што била закопана и потиснатата почнува да излегува на површина кон крајот на 50-те години. Во оваа смисла, „Трите Ани“ е предвесник на ерата на модернизмот, црниот бран и, општо земено, посубверзивната кинематографија од 60-те години, следејќи го примерот на светските филмски мајстори кои што претходно ја разработуваа војната во однос на ужасните настани и изнемоштувачките искуства.

**Nikica Gilić**
Faculty of Humanities and Social Studies,
Academy of Dramatic Arts,
University of Zagreb

## WAR TRAUMA IN YUGOSLAV CINEMA – FROM VJEKOSLAV AFRIC'S "SLAVICA" TO BRANKO BAUER'S "THREE ANAS", OR THE GRADUAL DISSAPEARANCE OF THE HEROINE

Traumatic experiences of war have often been reflected in cinema - Jean Renoir, John Ford, Vittorio De Sica, Roberto Rossellini and many other leading directors have shown the horrors of wars in various styles, but in obviously traumatic terms, confirming the tendency of classical psychology and psychoanalysis of cinema to treat the silver screen as the battlefield of traumatic events and various responses to them. However - Yugoslav cinema, starting with Vjekoslav Afrić's *Slavica*, often tried to paint over trauma with heroic narrative structures even if the heroine died in the process. The intention of this talk is to discuss how Macedonian and Yugoslav films of the post-second world war era (for instance Vojislav Nanović's *Frosina* and Živorad Mitrović's *Miss Stone*) deal with the war trauma in the context of putting a heroine in or

near the center of the narrative world, leading to Branko Bauer's *Three Anas*, where the hero of the story literally searches for the missing heroine of the family melodrama, travelling around Yugoslavia, meeting three possible Anas (none of which turned out to be his daughter). The contrast between *Slavica* and *Three Anas* couldn't be more conspicuous and consequential, because the strategies of dealing with the war unravel, the trauma which was covered up and pressed down starts to come to the surface in the late 1950s. In this sense, *Three Anas* was a herald of the era of modernism, black wave and, generally speaking, more subversive cinema of the 1960s, following the lead of the masters of world cinema previously dealing with the war in the terms of the horrific events and debilitating experiences.

**Ана Мартиноска, Жарко Иванов**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ТРАУМАТА НА СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО 1963 ГОДИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА ТАЖАЧКИТЕ НАРОДНИ ПЕСНИ И НОВОКОМПОНИРАНИТЕ ЕЛЕГИИ

Во контекст на студиите за траумата овој труд има за цел да ја прикаже репрезентацијата на траумата од катастрофалниот скопски земјотрес во 1963 година како значајна мемориска одредница на нашиот колективен идентитет. Тажачките народни песни разгледувани наспроти новокомпониранте народни елегии, сите собрани од македонскиот етномузиколог Васил Хаџиманов, покажуваат како во македонската култура се манифестира присуството на траумата и какви се импликациите од најтрагичниот ден во новата историја на градот во фолклорното и културното паметење на непосредните сведоци. Тие не само што имаат неверојатна архивска вредност за зачувување на песните и спомените, туку го покажуваат и претопувањето на индивидуалната и колективната димензија на траумата.

Тажаленките редени на гробиштата од роднините на загинатите се репрезентација пред сé на личната загуба и тага, израз на сеќавањата, простор за интроспекција и ретроспекција. Овие наративи на катастрофата обоени со болка прикажуваат детали од биографијата на жртвите пред трауматскиот настан, но и опис на општествената стварност како временски, просторен и историски сетинг во кој се одвива траумата. Всушност тие нудат слики на урбанизацијата и индустријализацијата, миграцијата и печалбарството, со експлицитен револт против социјалното угнетување и бесполезноста на работата за

стекнување подобри услови наспроти непредвидливоста на животот. Од друга страна, во елегиите покрај траур за загубените животи и потресните претстави на земјотресот и разрушениот град, истовремено среќаваме и репрезентација на Скопје пред земјотресот, како и сведоштва за меѓународната солидарност, новоизградените населби и надеж за иднината.

**Ana Martinoska, Zharko Ivanov**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## THE TRAUMA OF THE 1963 SKOPJE EARTHQUAKE THROUGH THE LENS OF LAMENTS AND NEWLY COMPOSED ELEGIES

In the context of trauma studies, this paper aims to present the representation of the trauma from the 1963 catastrophic Skopje earthquake as a significant memory determinant of our collective identity. The laments, considered in contrast to the newly composed elegies, all collected by the Macedonian ethnomusicologist Vasil Hadjimanov, show how the presence of trauma is manifested in Macedonian culture and what are the implications of the most tragic day in the city's more recent history in the folklore and cultural memory of the direct witnesses. They not only have incredible archival value for preserving the songs and memories, but also show the fusion of the individual and collective dimensions of trauma.
The dirges recited at the cemetery by the relatives of the deceased are a representation, above all, of personal loss and grief, an expression of memories, a space for introspection and retrospection. These narratives of the disaster, tinged with pain, present details of the victims' biographies before the traumatic event, but also describe the social reality as the temporal,

spatial, and historical setting in which the trauma occurred. In fact, they offer images of urbanization and industrialization, migration, and immigration, with an explicit revolt against social oppression and the futility of working to gain better conditions in the face life's unpredictability. On the other hand, in the elegies, in addition to mourning for the lost lives and poignant depictions of the earthquake and the destroyed city, we also encounter a representation of Skopje before the earthquake, as well as testimonies of international solidarity, newly built settlements, and hope for the future.

**Илија Велев**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ЖИТИЈНИТЕ ТВОРБИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СВЕТИТЕЛИ ПУСТИНОЖИТЕЛИ: МЕЃУ КУЛТНАТА И КНИЖЕВНОТВОРЕЧКАТА ИНТЕРАКЦИЈА НА САМОЖРТВАТА И ТРАУМАТА

Поставувањето на саможртвата како приоритетна мотивска преокупација во структурата на книжевно-култните житиеписни состави претставува ангажирана творечка мобилизација за да се истакне секој од протагонистите како спонтано принесена жртва на Бога – предадена од чисто срце и со доброволно богоугодие. Саможртвата на монасите пустиножители има светителски и култен образец во Христовата жртва, принесена од самиот себе за избавување на човештвото од гревот. Тие го напуштаат мирскиот свет за да монахуваат во аскетизам, измачувајќи го своето тело преку постење и тихување со молитви.

Во житијата се интерпретираат пустиножителите како носители на апсолутната форма на христијанската посветеност, при што нивните телесни и духовни страдања добиваат функција на парадигматски примери на вера, трпение и надминување на човековата слабост. Во тој поглед истражувањата нужно се насочуваат кон согледувањето на интеракцијата меѓу аскетските практики на саможртвата и траумата.

Саможртвата е идеализирана како култна репрезентација во прилог на верскиот идеал, а последователната состојба на траумата се игнорира како нечувствителен и тивок читателски потенцијал во доживувањето. Ваквиот култен и книжевнотворечки феномен стекнал Фројдовска психолошка суштина,

поставувајќи го интегритетот на саможртвата над последиците од траумата во „подвојување на свеста“ (односно, како „двојна свест“): додека едната свест е идеалистички мобилно активна, во другата протагонистот ги складирал афектите што не прифатил да ги освести и што не допуштил самоволно да ги доживее. Следствено во житијата идеалот за саможртвата не поттикнува импресија на траума, а притоа нејзината култна функција може само да се трансформира во творечки произнесен мит, легенда или предание. Преку интеракцијата на мотивите за саможртвата и траумата житијата пресоздаваат култна и книжевнотворечка наративна парадигма, во која страдањата и искушенијата при аскетувањето се преобразуваат во средства за воспоставување светителско посредство на човекот со Бога.

**Ilija Velev**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## HAGIOGRAPHIC COMPOSITIONS ABOUT MACEDONIAN ANCHORITE SAINTS: BETWEEN CULTIC AND LITERARY INTERACTION OF SELF-SACRIFICE AND TRAUMA

Putting self-sacrifice as a priority motif preoccupation in the structure of literary-cult hagiographic compositions represents an engaged creative mobilization to emphasize each of the protagonists as a spontaneously offered sacrifice to God – given from a pure heart and with voluntary pious deeds. The self-sacrifice of the hermit monks has a saintly and cultic model in the sacrifice of Christ, offered by himself to deliver humanity from sin. They leave the secular world to become monks in

asceticism, tormenting their bodies through fasting and hesychia with prayers.

In the hagiographies the hermits are interpreted as the absolute form of Christian devotion, with their bodily and spiritual sufferings taking on the function of paradigmatic examples of faith, patience and overcoming human weakness. In this regard, research is by necessity focused on understanding the interaction between the ascetic practices of self-sacrifice and trauma.

Self-sacrifice is idealized as a cult representation in support of the religious ideal, and the subsequent state of trauma is ignored as insensitive and silent reading potential in the experience. This cultic and literary phenomenon has acquired a Freudian psychological essence, placing the integrity of self-sacrifice above the consequences of trauma in a “splitting consciousness” (that is, as a “double consciousness”): while one consciousness is idealistically mobile and active, in the other the protagonist has stored the affects that he did not accept to become conscious of and that he did not allow to experience them in free will. Consequently, in the hagiographies the ideal of self-sacrifice does not encourage an impression of trauma, and its cult function can only be transformed into a creatively expressed myth, legend or tradition. Through the interaction of motifs of self-sacrifice and trauma, hagiographies recreate a cultic and literary narrative paradigm, in which the suffering and trials of asceticism are transformed into means for establishing saintly mediation of man with God.

**Маја Јакимовска-Тошиќ**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ОТУЃУВАЊЕТО НА СРЕДНОВЕКОВНОТО РАКОПИСНО НАСЛЕДСТВО КАКО СВОЕВИДНА МАКЕДОНСКА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКА ТРАУМА

Книжевното ракописно наследство остварено во македонските скрипторски центри, од своите почетоци па сè до периодот на продуцирање на световната книжевност, од IX до XVIII век, било извонредно продуктивно. Ракописното наследство денес евидентирано и сочувано е само мал дел од создаденото во текот на средновековието. Причините за дисклокација и уништување на ракописите се повеќе. Во текот на вековите дислоцирани/мигрирани/отуѓени се илјадници ракописни книги поради војни, продори, востанија, насилни уништувања во кои горат и се разоруваат манастири и цели области. Ракописите исчезнуваат и поради други фактори, како на пример: незнаењето и негрижата од страна на духовните и световните лица, особено од подоцнежните векови (XVII-XVIII век), кои не го разбираат јазикот на старите писмени споменици и ги сметаат за непотребни, поради што многу книги исчезнуваат поради отуѓување, или недоволна грижа поради влага, горење, продавање. Исто така, значаен фактор во уништувањето на македонската ракописна книга низ вековите се фанариотските и турските заложби за нејзино истребување. Поради обидот да се спасат ракописите од пожари и непријателски продори, не ретки се случаите на нивно заѕидување и закопување, што исто така довело за нивно неповратно уништување. Од друга страна, сочуваното македонско книжевно наследство било подложено на распространување и миграција. Судбината

на македонската ракописна книга била таква, што низ вековите, во најголем број случаи била одземана или подарувана од еден скрипторски центар во друг, и денеска во најголем број случаи македонските ракописи се чуваат во библиотечните збирки вон Македонија: во Софија, Белград, Загреб, Москва, Санкт Петербург, Ватикан, Љубљана, Букурешт, Виена, Париз, Рим, Болоња. Миграцијата на нашето книжевно наследство се одвивало во насока кон другите балкански земји, и особено кон руските предели, како и кон другите значајни библиотечни институции од европските земји.

**Maja Jakimovska-Toshikj**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## APPROPRIATION OF MEDIAEVAL MANUSCRIPT HERITAGE AS PARTICULAR MACEDONIAN CULTURAL-HISTORICAL TRAUMA

The literary manuscript heritage created in the Macedonian scriptoriums, from its beginnings until the period of production of secular literature, from the IX to the XVIII century, was extraordinarily productive. The manuscript heritage recorded and preserved today is only a small part of what was created during the Middle Ages. The reasons for the relocation and destruction of manuscripts are many. Over the centuries, thousands of manuscript books have been displaced/migrated/appropriated due to wars, invasions, uprisings, violent destructions in which monasteries and entire regions were burned and destroyed. Manuscripts also disappeared due to other factors, such as: ignorance and carelessness on the part of spiritual and secular persons, especially from later centuries (XVII-XVIII centuries), who

did not understand the language of the old written monuments and considered them unnecessary, which is why many books disappeared due to appropriation, or insufficient care due to humidity, burning, and sale. Also, a significant factor in the destruction of Macedonian handwritten books over the centuries are the Phanariot and Turkish efforts to exterminate them. In an attempt to save the manuscripts from fires and enemy incursions, some were walled up and buried, which also led to their irreversible destruction. On the other hand, the preserved Macedonian literary heritage was subjected to dispersion and migration. The fate of Macedonian manuscript books was such that over the centuries, in most cases they were taken away or gifted from one scriptorium to another, and today in most cases Macedonian manuscripts are kept in library collections outside Macedonia: in Sofia, Belgrade, Zagreb, Moscow, St. Petersburg, the Vatican, Ljubljana, Bucharest, Vienna, Paris, Rome, Bologna. The migration of our literary heritage was directed to other Balkan countries, and especially towards the Russian regions, as well as towards other significant library institutions in European countries.

**Славица Петровска-Ѓорѓевска**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ТРАУМАТА И РЕЛИГИОЗНИОТ КОНФЛИКТ НИЗ ПРИЗМАТА НА СРЕДНОВЕКОВНАТА КНИЖЕВНОСТ

Во средновековната книжевна мисла поимањето на траумата како културна парадигма не се појавува како автономна категорија, но нејзините семантички и културни импликации се препознаваат преку посредни наративни, хагиографски, полемички и историски дискурси.

Поаѓајќи од тезата дека религијата претставува централна парадигма на средновековниот општествен поредок, првично траумата ја согледуваме низ призмата на религиозниот конфликт. Посебен аналитички фокус е ставен врз конфликтот помеѓу официјалната црква и богомилството како движење и учење којшто што генерира и артикулира специфична форма на трауматско искуство што го согледуваме низ призмата на антибогомилската литература, со посебен акцент на „Беседата против богомилите“ на Презвитер Козма. Методолошки, истражувањето се потпира врз концептот на културната траума како интерпретативна матрица за анализа на средновековните текстови и општествените текови, како и врз теоретската рамка на Мишел Фуко, особено неговите согледби за односот меѓу моќта, знаењето и дискурсот. Ваквиот пристап ни овозможува да го анализираме религиозниот конфликт во средниот век не само како историски феномен, туку и како дискурзивен механизам што продуцира културни форми на траума.

**Slavica Petrovska-Gjorgjevska**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## TRAUMA AND RELIGIOUS CONFLICT THROUGH THE LENS OF MEDIAEVAL LITERATURE

In mediaeval literary thought, the understanding of trauma as a cultural paradigm does not appear as an autonomous category, but its semantic and cultural implications are recognized through indirect narrative, hagiographic, polemical and historical discourses.

Starting from the thesis that religion is a central paradigm of the mediaeval social order, we initially perceive trauma through the prism of religious conflict. Particular analytical focus is put on the conflict between the official church and Bogomilism as a movement and teaching that generates and articulates a specific form of traumatic experience that we perceive through the prism of anti-Bogomil literature, with a special emphasis on the *Sermon against the Heretics* by Cosmas the Priest. In terms of methodology, the research draws on the concept of cultural trauma as an interpretative matrix for analysis of mediaeval texts and social developments, as well as on the theoretical framework of Michel Foucault, especially his insights into the relationship between power, knowledge and discourse. This approach allows us to analyze religious conflict in the Middle Ages not only as a historical phenomenon, but also as a discursive mechanism that produces cultural forms of trauma.

**Ема Лакинска**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# АРХЕТИПСКИТЕ ОДГЛАСИ НА ТРАУМАТА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА СКАЗНА

Развојот на книжевните ликови во народните сказни можеме да го следиме преку анализа на проекциите на нивните архетипови, со помош на теоријата за аналитичка психологија на Карл Јунг. Народните сказни запишани од Марко Цепенков често ја следат приказната на главни ликови кои доживеале траума. Па така, во овие сказни, развојот на архетиповите на ликот често е условен од одредено трауматско дејство кое му се случило. Чудесно, ликот успева да ја надмине траумата, а ова може да се следи преку развојот на неговите архетипови.

Земајќи предвид дека народните сказни се литература која се чита од најрана возраст, значењето на правилното мапирање на траумата како и патоказите за нејзино надминување се од големо значење. Затоа, овој труд ќе се стреми да ги мапира траумите на ликовите од неколку сказни запишани од Марко Цепенков, а потоа интертекстуално, со помош на аналитичката психологија на Карл Јунг, ќе ги осветлиме начините за нивно надминување, кои се прикажани во самите сказни.

**Ema Lakinska**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## ARCHETYPAL RESPONSES TO TRAUMA IN MACEDONIAN FOLK TALES

The development of literary characters in folk tales can be traced through the analysis of the projections of their archetypes, using Carl Jung's theory of analytical psychology. Folk tales written by Marko Cepenkov often follow the story of main characters who have experienced trauma. Thus, in these tales, the development of the character's archetypes is often conditioned by a certain traumatic event that has happened to them. Miraculously, the character manages to overcome the trauma, and this can be followed through the development of his archetypes. Considering that folk tales is literature that is read from an early age, the importance of correctly mapping the trauma as well as the roadmaps for overcoming it are of great importance. Therefore, this paper will strive to map the traumas of the characters from several tales written by Marko Cepenkov, and then intertextually, with the help of Carl Jung's analytical psychology, we will illuminate the ways to overcome them, which are depicted in the tales themselves.

**Дарин Ангеловски**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ИДЕАЛОТ ХЕРОЈСКА СМРТ И МЕНТАЛИТЕТИТЕ НА ОПЛАКУВАЊЕ КАЈ ХОМЕР И ПРЛИЧЕВ (ВРЗ ПРИМЕРИ ОД „ИЛИЈАДА“ И „МАРТОЛОЗОТ “)

Темата на оплакување на херојот е општ и мошне фреквентен образец во античката епска поезија. Како типична тема во хомерската поезија и како неизоставен модел во епското творештво на Прличев оваа тема е нераскинливо поврзана со силно влијателниот идеал херојска смрт поставен врз специфичните вредности на хеленската култура какви што се *слава* (*κλέος*), обесмртување низ слава и, конечно, поимот *убавиот мртовец* (*καλός θάνατος*).

Фокусот на компаративната анализа во истражувањето е насочен кон една од најдлабоко осмислените теми на оплакување во „Илијада“, каква што е темата на оплакувањето на Хектор од страна на неговата жена Андромаха, мајката Хекаба и снаата Елена и пандантите на оваа тема во Прличевиот „Мартолозот“. Овие паралели во македонската наука за книжевност поради временски оддалечените културни хоризонти се согледуваат како општи места со малубројни допирни точки па според тоа досега не им е посветено соодветно внимание.

Оттука, целта на истражувањето е да се разгледаат искажаните ставови преку испитување на артифициелната мотивираност во обликувањето на менталитетите на оплакување во споменатите дела како еден аспект на траумата во литературата, но и како писмен запис на колективната меморија, на колективното симболно кое во себе содржи елементи на религија и на она што се подразбира како историја и како философија.

**Darin Angelovski**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

# THE HEROIC DEATH IDEAL AND THE MENTALITIES OF MOURNING IN HOMER AND PRLICHEV (WITH EXAMPLES FROM *THE ILIAD* AND *O ARMATOLOS)*

The theme of mourning for the hero is a common and very frequent pattern in ancient epic poetry. As a typical theme in Homeric poetry and as an indispensable model in Prlichev's epic work, this theme is inextricably linked to the strongly influential ideal of heroic death based on the specific values of Hellenic culture, such as *glory* (*κλέος*), immortalization through glory, and, finally, the concept of the *beautiful dead* (*καλός θάνατος*).
The focus of the comparative analysis in the research is on one of the most deeply conceived themes of mourning in *The Iliad*, such as the theme of mourning Hector by his wife Andromache, mother Hecuba, and daughter-in-law Helen, and the counterparts of this theme in Prlichev's *O Armatolos*. These parallels in Macedonian literary studies, due to the temporally distant cultural horizons, are perceived as common places with few points of contact, and therefore have not been given due attention so far.
Hence, the purpose of the research is to examine the expressed views by examining the artificial motivation in shaping the mentalities of mourning in these works as an aspect of trauma in literature, but also as a written record of collective memory, of the collective symbolic which contains elements of religion and what is understood as history and philosophy.

**Валентина Миронска-Христовска**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ТРАУМАТА КАЈ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД ПОЛИТИЧКИТЕ, ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДУХОВНИТЕ ПРИЛИКИ ВО 19. ВЕК

Во текстот ќе бидат проследени литературни творби во кои е опеана траумата кај македонскиот народ предизвикана од неповолните политички, духовни и општествени прилики во 19. век, а кои поради нивните импликации во почетокот на 20. век, трауматските последици како да се врзани за нашиот идентитетски код. Па така траумата од духовното ропство, по укинувањето на Охридската архиепископија предизвикала омраза меѓу брат со брат, татко со син, како што пее Прличев. Психолошки последици од траумата од долговековното политичко ропство се потчинетоста, стравот со кој живееле македонските девојки од насилното грабнување и примањето на туѓата вера, поради што најчесто си го одземале животот, како и потребата за одмазда.

Со најдалекусежни последици кај македонскиот народ е траумата предизвикана од низата политички договори меѓу големите сили со кои биле донесени недемократски, политички одлуки кои оставиле последици, кои ги чувствуваме до денешен ден а кои довеле до разединување, поделба на македонскиот народ. Трауматските односно посттрауматските последици ќе бидат проследени преку творештвото на Жинзифов, Динката, Шапкарев, Спространов, Раздолов, Цепенков, Пулевски, Китанчев, Македонски, Чернодрински итн.

**Valentina Mironska-Hristovska**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## TRAUMA AMONG MACEDONIAN PEOPLE AS CONSEQUENCE OF POLITICAL, SOCIAL AND SPIRITUAL CIRCUMSTANCES IN 19. CENTURY

The text will examine literary works that depict the trauma of the Macedonian people caused by the unfavourable political, spiritual and social circumstances in the 19th century, and which, due to their implications in the early 20th century, the traumatic consequences seem to be tied to our identity code. Thus, the trauma of spiritual slavery, after the abolition of the Ohrid Archbishopric, caused hatred between brother and brother, father and son, as Prlichev writes. Psychological consequences of the trauma of centuries-old political slavery are subordination, the fear that Macedonian girls lived with from being forcibly kidnapped and accepting another faith, which is why they most often took their own lives, as well as the need for revenge.
The most far-reaching consequences for the Macedonian people is the trauma caused by the string of political agreements between the great powers, which resulted in undemocratic political decisions that left consequences that we feel to this day and that led to the disunity and division of the Macedonian people. The traumatic or post-traumatic consequences will be examined through the work of Zhinzifov, Dinkata, Shapkarev, Sprostranov, Razdolov, Cepenkov, Pulevski, Kitanchev, Makedonski, Chernodrinski, etc.

**Славчо Ковилоски**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ТРАУМАТА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ (1903 ДО 1912 ГОДИНА)

Трудот се однесува на истражувањата за траумата во македонската книжевност во периодот по Илинденското востание до Балканските војни (1903- 1912). Во овој период се случиле повеќе настани кои народот ги доживеал трауматично и влијаеле врз неговото секојдневие, а тие се пресликале и нашле одраз во книжевните и во фолклорните творби од ова време. Настаните кои најмногу предизвикале реакции (колективна и индивидуални трауми) кај македонското население биле: Илинденското востание (1903), битката кај Мечкин Камен (1903), битката кај Локвата и Вињари (1903), смртта на Никола Каранџулов (1904), смртта (самоубиството) на Христо Узунов (1905), смртта (бесењето) на Александар Турунџев (1905), смртта (самоубиството) на Леонид Јанков (1905), масакрот во Загоричани (1905), битката на Ножот (1907), Младотурската револуција (1908), обезружителната акција на Младотурците (1908-1909). Од авторите и книжевните творби во кои се сретнуваат трауматични искуства, ќе ги наведеме: Владимир Ковачев и Христо Силјанов – „Тагите на робот“ (1903, песни); Петар Стојков – „Крвава Македонија“ (1904, песни), „Крвава гробница“ (1905, драма); Атанас Раздолов – „Бунтовни песни на революционерот-емигрант“(1903, песни), есеи (1904-1908); Лазар Поп Трајков – „Локвата и Вињари“ (1903 поема, објавена 1924); Арсени Јовков – „Љуле Бургас“ (1912, поема); Марко Цепенков – „Црне војвода“ (1903, драма), „Мирчо војвода со мајка си се проштава“ (1906, песна); Војдан Чернодрински – „Зло за зло“ (1903, драма),

„Средба" (1903, драма), „Мајстори" (1903, драма), „Духот на слободата" (1909, драма); Петар Завоев – „Писма од Македонија 1908-1916" (1916, писма, патописи); Димитар Молеров – „Тенка и Китан" (1907, драма); Крсте Бинев Андонов – песни (по Илинденското востание); народни песни итн.

**Slavcho Koviloski**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## TRAUMA AFTER THE ILINDEN UPRISING (1903 TO 1912)

The paper looks at the research on trauma in Macedonian literature in the period after the Ilinden Uprising until the Balkan Wars (1903-1912). During this period, several events occurred that the people experienced traumatically and affected their everyday lives, and they were reflected in the literary and folklore works of this time. The events that caused the most reactions (collective and individual traumas) among the Macedonian population were: the Ilinden Uprising (1903), the Battle of Mechkin Kamen (1903), the Battle of Lokvata and Vinjari (1903), the death of Nikola Karandjulov (1904), the death (suicide) of Hristo Uzunov (1905), the death (hanging) of Aleksandar Turundjev (1905), the death (suicide) of Leonid Jankov (1905), the massacre in Zagorichani (1905), the Battle of the Knife (1907), the Young Turk Revolution (1908), the disarmament action of the Young Turks (1908-1909). Of the authors and literary works in which traumatic experiences are encountered, we will mention: Vladimir Kovachev and Hristo Siljanov – *The Sorrows of a Slave* (1903, poems); Petar Stojkov – *Bloody Macedonia* (1904, poems), *Bloody Tomb* (1905, play); Atanas Razdolov – *Rebellious Poems of the Revolutionary-*

*Emigrant* (1903, poems), essays (1904-1908); Lazar Pop Trajkov – *Lokvata and Vinjari* (1903 poem, published 1924); Arseni Jovkov – *Ljule Burgas* (1912, poem); Marko Cepenkov – *Crne Voivode* (1903, play), *Mircho Voivode Says Goodbye to His Mother* (1906, poem); Vojdan Chernodrinski – *Evil for Evil* (1903, play), *Meeting* (1903, play), *Masters* (1903, play), *The Spirit of Freedom* (1909, play); Petar Zavoev – *Letters from Macedonia 1908-1916* (1916, letters, travelogues); Dimitar Molerov – *Tenka and Kitan* (1907, play); Krste Binev Andonov – poems (after the Ilinden Uprising); folk songs, etc.

**Марина Цветаноска**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ПОЕТИКИ НА КОЛЕКТИВНАТА ТРАУМА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ПО ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА (1913-1918)

Трудот ги истражува поетичките механизми преку кои македонската литература го артикулира колективното трауматско искуство што произлегува од поделбата на Македонија во 1913 година и од последователниот период на воени, политички и социјални потреси (1913 – 1918).

Анализирани се различни литературни дискурси – лирски, документарни, егзилски и хибридни текстови – кои ја претставуваат траумата како распад на просторот, разорување на идентитетот и прекин на историскиот континуум. Применувајќи концепти од теоријата на културната траума, меморијалните студии и наратологијата, трудот покажува дека македонската литература од овој период ја извршува функцијата на сведочење, колективно паметење и симболичка реконструкција на уништениот општествен и културен пејсаж. Се аргументира дека поетиките на траумата – фрагментацијата, елегискиот тон, експресионистичките слики и документарната експликација – создаваат специфичен модел на текстуалност преку кој литературата делува како културен механизам за обработка на историската болка. Со тоа, трудот го позиционира периодот 1913-1918 како клучна матрица за оформување на дискурзивните страттегии на македонската модерна литературна традиција.

Во трудот се разгледуваат автори кои живееле и дејствувале во споменатиот период: Димитрија Чуповски, Димитар Влахов, Павел Шатев, Крсте П. Мисирков, Ѓорче

Петров и автори кои подоцна пишуваат за трауматското искуство од војните и распарчувањето најевидентно Петре М. Андреевски и др.

**Marina Cvetanoska**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## POETICS OF COLLECTIVE TRAUMA IN MACEDONIAN LITERATURE AFTER MACEDONIA'S DIVISION (1913-1918)

The paper explores the poetic mechanisms through which Macedonian literature articulates the collective traumatic experience arising from the division of Macedonia in 1913 and the subsequent period of military, political and social upheaval (1913 – 1918).
Various literary discourses – lyrical, documentary, exile and hybrid texts – are analysed, which present trauma as disintegration of space, destruction of identity and interruption of the historical continuum. Applying concepts from the theory of cultural trauma, memory studies and narratology, the paper shows that Macedonian literature from this period performs the function of testimony, collective memory and symbolic reconstruction of the destroyed social and cultural landscape. It is argued that the poetics of trauma – fragmentation, elegiac tone, expressionistic images and documentary explication – create a specific model of textuality through which literature acts as a cultural mechanism for processing historical pain. Thus, the paper positions the 1913-1918 period as the key matrix for shaping the discursive strategies of the Macedonian modern literary tradition.
The paper examines authors who lived and worked in the aforementioned period: Dimitrija Chupovski, Dimitar Vlahov,

Pavel Shatev, Krste P. Misirkov, Gjorche Petrov and authors who later wrote about the traumatic experience of the wars and the disintegration, most evidently Petre M. Andreevski and others.

**Соња Стојменска-Елзесер**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ХУМОРОТ ВО УМЕТНИЧКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОСТ-ТОТАЛИТАРНАТА ТРАУМА

Истражувањето се фокусира врз романескната продукција која тематски е поврзана со пост-тоталитарната траума, во современата чешка и во современата македонска литература. Тоталитаризмот, односно авторитаризмот, како интергенерациска траума се рефлектира врз книжевноста и во текот на дваесеттиот, но и во дваесет и првиот век. Во овој труд основен истражувачки проблем е употребата на хуморот во наративните ткива на романи од двете книжевности, кои на специфични начини ја репрезентираат културната траума од тоталитарните системи. Корпусот опфаќа романи од чешките автори Антонин Бајаја, Јиржи Кратохвил и Јахим Топол, кои се надоврзуваат на веќе класичните хуморно- трауматични писма на Бохумил Храбал и Милан Кундера, а од друга страна, се задржува врз авторите Бошко Смаќоски, Атанас Вангелов и Блаже Миневски, кои ја продлабочуваат традиционалната поетичка линија од овој тип во македонската книжевност, доминантно претставена со романите на Петре М. Андреевски и Живко Чинго. Одбраните автори и дела припаѓаат на пост-тоталитарниот период во своите средини, та токму затоа нивниот третман на траумата од тоталитаризмот има трансгенерациски карактер и добива специфични облици, така што варира од мемоарска автофикција, преку хроничарска сатира, до постмодерна алегорија. Истражувањето преку теоретските концепти на колективна траума, постмеморија, ретрауматизација, карневализација и видови на хумор, сарказам и сатира, се обидува на интердисциплинарно рамниште да ја

образложи тесната поврзаност на смеата со претрпената и наследената траума, односно со справувањето со истата. Употребата на хуморот во одбраните дела се толкува како израз на спротивставување на тоталитарните механизми и надминување на траумата, иако најчесто станува збор за црн хумор, апсурден хумор или за чиста сатира.

**Sonja Stojmenska-Elzeser**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## HUMOR IN THE ARTISTIC REPRESENTATION OF POST-TOTALITARIAN TRAUMA

The research focuses on the production of novels that is thematically related to post-totalitarian trauma, in contemporary Czech and contemporary Macedonian literature. Totalitarianism, i.e. authoritarianism, as an intergenerational trauma is reflected in literature both during the 20th and in the 21st century. In this paper, the main research subject is the use of humor in the narrative tissues of novels from both literatures, which in specific ways represent the cultural trauma of totalitarian systems. The corpus includes novels by Czech authors Antonín Bajaja, Jírí Kratochvil and Jáchym Topol, which build on the already classic humorous-traumatic letters of Bohumil Hrabal and Milan Kundera, and on the other hand, it focuses on the authors Boshko Smakjoski, Atanas Vangelov and Blazhe Minevski, who deepen the traditional poetic line of this type in Macedonian literature, dominantly represented by the novels of Petre M. Andreevski and Zhivko Chingo. The selected authors and works belong to the post-totalitarian period in their environments, which is why their treatment of the trauma of totalitarianism has a transgenerational character and takes on specific forms, varying from memoir autofiction,

through chronicling satire, to postmodern allegory. The research, through the theoretical concepts of collective trauma, post-memory, retraumatization, carnivalization and types of humor, sarcasm and satire, attempts to explain, on an interdisciplinary level, the close connection of laughter with the suffered and inherited trauma, that is, with dealing with it. The use of humor in the selected works is interpreted as an expression of opposition to totalitarian mechanisms and overcoming trauma, although most often it is dark humor, absurd humor or pure satire.

**Јасмина Мојсиева-Гушева**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ТРАУМА И СЕЌАВАЊЕ: МАКЕДОНСКИТЕ РОМАНИ ПОСВЕТЕНИ НА ГОЛИ ОТОК

Трудот се однесува на личните судбини и трауматските сеќавања опишани во македонските романи „Куќа на четири ветра“(1991) на Томе Арсовски; „Деветте круга на пеколот“ (2000) и „Чардак ни на небо ни на земја“ (2003) на Александар Алексиев; „Доживотна јамка“ од Драгица Најческа (2004) и „Молчи со отворена уста“ (2019) на Снежана Младеновска-Анѓелков – посветени на темата Голи Оток. Теророт кој го трпеле политичките затвореници кои што често и без никаква вина биле затворени на Голи Оток – најголемиот и најозлогласениот затворски логор во бивша Југославија создаден по конфликтот помеѓу Тито и Сталин во 1948 год. се пренесувал и на нивните семејства и потомци како еден вид продолжена или наследена траума.

Во трудот ќе бидат разгледани хроничната траума поврзана со колективното сеќавање; механизмите на моќта; различните аспекти на посттрауматскиот синдром како што се: емоционалните реакции на жртвите, нивните телесни и психолошки последици од тортурата, како и промените во однесувањето на жртвите и наследената траума кај потомците. Сите овие елементи ќе бидат толкувани во контекстот на индивидуалните описи на настаните од страна на ликовите од романите, начинот на кои тие се доживувани, употребените наративни техники, мешањето на биографските со фикциските елементи кои ги обременуваат и оживуваат случувањата. Ќе биде посветено внимание и на повеќеслојноста на сеќавањето како психолошка алатка за надминување на траумата и

практичен механизам за преживување. Исто така ќе бидат нагласени и социјалните и културните функции на сеќавањето кои се однесуваат на градењето на личниот идентитет на преживеаните и пренесувањето на колективната меморија која овозможува да не се повторуваат грешките од минатото.

Целта и заклучокот на овој труд е да даде свој прилог во реконструкцијата на сеќавањата за едно болно тоталитарно минато, да ја намали болката, да помогне за негово надминување и подобрување на општеството во коешто живееме.

**Jasmina Mojsieva-Gusheva**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## TRAUMA AND MEMORIES: MACEDONIAN NOVELS DEDICATED TO GOLI OTOK

The paper examines the personal destinies and traumatic memories described in the Macedonian novels *House of Four Winds* (1991) by Tome Arsovski; *Nine Circles of Hell* (2000) and *Chardak Neither in Heaven nor on Earth* (2003) by Aleksandar Aleksiev; *Lifetime Loop* by Dragica Najcheska (2004) and *Be Silent with Open Mouth* (2019) by Snezhana Mladenovska - Angjelkov – dedicated to the topic of Goli Otok. The terror suffered by political prisoners who were often and without any guilt imprisoned on Goli Otok – the largest and most notorious prison camp in former Yugoslavia created after the conflict between Tito and Stalin in 1948. - also transferred to their families and descendants as a kind of extended or inherited trauma.

The paper will examine chronic trauma associated with collective memory; the mechanisms of power; various aspects

of post-traumatic stress disorder such as: victims' emotional reactions, their physical and psychological consequences of torture, as well as changes in the behaviour of victims and the inherited trauma in their descendants. All these elements will be interpreted in the context of the individual descriptions of events by the characters in the novels, the way they are experienced, the narrative techniques used, the mixing of biographical and fictional elements that burden and revive the events. Attention will also be paid to the multlayered nature of memory as a psychological tool for overcoming trauma and a practical mechanism for survival. The social and cultural functions of memory will also be emphasized, which relate to the construction of the survivors' personal identities and the transmission of collective memory that allows for past mistakes not to be repeated.
The aim and the conclusion of this paper is to contribute to the reconstruction of memories of a painful totalitarian past, to reduce the pain, to help overcome it and to improve the society we live in.

**Ѓоко Здравески**
Докторанд при Институтот за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

# СВЕТ ЧОВЕК ИЛИ СКРШЕН ЧОВЕК?
## (Кој го преживува логорот?)

Текстот се занимава со логорот како простор во кој се случува траумата. Што се случува со човекот што се наоѓа затворен во тој простор, како се влегува и како и каков се излегува? Што е потребно да се направи за да се излезе од логорот и дали е тоа можно? Што се случува со логорашот по излегувањето од логорот? Каков е тој простор на ниваму-нитаму, ни внатре ни надвор во кој е фатен ослободениот homo sacer, кој не му припаѓа ни на светото ни на профаното? Низ каква иницијација поминува еден човек што излегува од логорот?

Централно место во анализата заземаат искуствата од југословенскиот Голи Оток и сталинистичките гулази, преку мемоари и интервјуа на луѓе што успеале да го преживеат логорот (Карло Штајнер, Драгослав Михаиловиќ), а се анализираат и примери од јужнословенската и руската белетристика (Данило Киш, Варлам Шаламов, Живко Чинго, Ташко Георгиевски, Александар Алексиев), Како основна теориска подлога во анализата служат две студии: 1. „Homo sacer" од Џорџо Агамбен и 2. „Надзор и казна" од Мишел Фуко, а на нив се надоврзуваат и други релевантни студии што се занимаваат конкретно со ова прашање.

**Gjoko Zdraveski**
PhD Candidate Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## SACRED MAN OR BROKEN MAN?
## (Who survives camps?)

The text deals with the camp as a space in which trauma occurs. What happens to the person who is imprisoned in that space, what kind of person enters and what kind of person exits? What does one need to do to leave the camp and is that possible? What happens to the inmate after leaving the camp? What is that space of nowhere, neither inside nor outside, in which the liberated homo sacer is caught, who belongs neither to the sacred nor the profane? What initiation does a person go through when leaving the camp?
The analysis focuses on the experiences on the Yugoslav Goli Otok and the Stalinist gulags, through memoirs and interviews of people who managed to survive the camp (Karlo Shtajner, Dragoslav Mihailovic), and examples from South Slavic and Russian fiction are also analyzed (Danilo Kish, Varlam Shalamov, Zhivko Chingo, Tashko Georgievski, Aleksandar Aleksiev). Two studies serve as the basic theoretical basis for the analysis: 1. “Homo sacer” by Giorgio Agamben and 2. “Discipline and Punish” by Michel Foucault, and they are complemented by other relevant studies that deal specifically with this issue.

**Гоце Смилевски**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ТРАУМАТА И КРИЗАТА НА ЕВРОПСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО РОМАНИТЕ ВОЛШЕБНИОТ РИД ОД ТОМАС МАН И ПРОСТУВАЊЕ ОД КИЦА КОЛБЕ

Целта на текстот е да се осврне на различните облици на траума и начините на кои тие се претставени во романите „Волшебниот рид“ од Томас Ман и „Простување“ од Кица Колбе, како и на наративните постапки преку кои во овие две дела доживувањата на траумата ја одразуваат кризата на европскиот идентитет настаната во периоди на општествени промени (предвоено, воено, поствоено доба). Централните ликови во двата романа минуваат низ травматски искуства, а воедно отелотворуваат идеолошки и културолошки сфаќања и ставови кои претставуваат критика на европскиот политички контекст. Преку компаративни согледби, текстот ги поврзува траумата и облиците низ кои таа се пројавува во двете дела (искусувањето на болест, смрт, војна), или само во едно од нив (траумата на егзилот во „Простување“ на Колбе, медицинските практики како траума во „Волшебниот рид“ на Ман), со темите на идентитетот, дислокацијата, меморијата, суштинското промислување на човековата егзистенција, етичноста како еден од идеалите на човековото постоење. Инкарнирани преку ликовите, нивните животни судбини и нивните дејствувања во двата романа, овие теми поаѓаат од конкретното, индивидуалното, и се издигнуваат до универзалното и општочовечкото, обединувајќи ги низ раскажувачката постапка откривањето и соочувањето со сопствената, со наследената и со колективната траума.

**Goce Smilevski**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## THE TRAUMA AND THE CRISIS OF EUROPEAN IDENTITY IN THE NOVELS *THE MAGIC MOUNTAIN* BY THOMAS MANN AND *FORGIVENESS* BY KICA KOLBE

The text's aim is to address the different forms of trauma and the ways in which they are presented in the novels *The Magic Mountain* by Thomas Mann and *Forgiveness* by Kica Kolbe, as well as the narrative procedures which in these two works the experiences of trauma reflect the crisis of European identity that occurred in periods of social change (pre-war, war, post-war era). The central characters in both novels go through traumatic experiences, and at the same time embody ideological and cultural beliefs and positions that are a critique of the European political context. Through comparative observations, the text connects trauma and the forms through which it manifests itself in both works (the experience of illness, death, war), or in only one of them (the trauma of exile in Kolbe's *Forgiveness*, medical practices as trauma in Mann's *The Magic Mountain*), with the themes of identity, dislocation, memory, the essential contemplation of human existence, ethics as one of the ideals of human existence. Incarnated through the characters, their destinies and their actions in both novels, these themes start from the concrete, the individual, and rise to the universal and generally human, uniting through the narrative process the discovery and confrontation of one's own, inherited and collective trauma.

**Африм Реџепи**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ТРАУМАТА ВО РОМАНИТЕ НА ЛУАН СТАРОВА

Познато е во книжевната теорија, дека во прозата се намалува просторот за имагинација и меморија, а се проширува зоната на сведоштвото и драматичноста на настаните. Времето најчесто е насочено кон сегашноста, додека минатото и иднината се потиснати. Затоа опаѓа литературата на ретроспекција и проспекција, а се развива литература на сегашноста која сведочи. Главниот дијалог во прозата е меѓу раскажувањето и настанот. Од нивниот однос зависат стилот, видот и функцијата на писмото. Во контекст, раскажувачот секогаш има предвид едно „Ти“ кое чита или слуша. Прозата ја топи универзалната фигура на поезијата, а ја зајакнува реториката и убедувањето. Ако поезијата се темели на метафора, прозата се темели на метонимијата — на сведоштвото.

Дали настанот е реален или измислен не е важно. Важна е фикцијата како сведоштво во кое фактичкото станува фикција, а фикцијата повторно фактичко, преку сличностите, повторувањата и симетриите во /на /со животот. Од Борхес (El Hacedor, 1960) модерната литература се оддалечува од „вистинскиот“ настан и создава фикција како нова врска меѓу животот и пишувањето. Така прозата, како фикција (во случај на автобиографското писмо на Луан Старова – жанровски дефинирана преку хибридизираниот жанр: автобиографска фикција или автофикцијата), станува сведоштво за животот, еден „Јас“ кој пишува и едно „Ти“ кое го слуша. Фикцијата е сведоштво за човечкото искуство и чувство. Романите на Луан Старова се сведоштва на едно албанско

и балканско семејство кое се обидува да опстои низ трауматичните балкански простори.

**Afrim Rexhepi**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## TRAUMA IN LUAN STAROVA'S NOVELS

It is known in literary theory that in prose the space for imagination and memory is reduced, while the zone for testimony and the drama of events is expanded. Time is mostly directed towards the present, while the past and the future are suppressed. Therefore, the literature of retrospection and prospection declines, and the literature of the present that bears witness develops. The main dialogue in prose is between the narration and the event. The style, type and function of writing depend on their relationship. In context, the narrator always has in mind a "You" who reads or listens. Prose dissolves the universal figure of poetry, and strengthens rhetoric and persuasion. If poetry is based on metaphor, prose is based on metonymy - on testimony.

Whether the event is real or invented is not important. Fiction is important as testimony in which the factual becomes fiction, and fiction becomes factual again, through similarities, repetitions and symmetries in /of /with life. Since Borges (*El Hacedor*, 1960) modern literature has moved away from the "real" event and created fiction as a new link between life and writing. Thus prose, as fiction (in the case of Luan Starova's autobiographical writing – genre-defined through the hybridized genre: autobiographical fiction or autofiction), becomes a testimony to life, an "I" who writes and a "You" who listens. Fiction is a testimony to human experience and feeling.

Luan Starova's novels are testimonies of an Albanian and Balkan family trying to survive in the traumatic Balkan spaces.

**Наташа Аврамовска**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ТЕЛОТО, ТЕЛО НА ДРУГОТО ТЕЛО

Студијата ќе го истражува феноменот на табуто и психичката траума врзани со темата на трансплантацијата на органи и нејзиното транспонирање во македонската, но и други книжевности. Оваа проектна тема го преиспитува поимањето на телото во нашата култура, како и во глобален културен контекст во услови на новото доба на постхуманото, ќе ги истражи културните претпоставки на табуто и етичките аспекти на медицинскиот „инжењеринг“, како и табуто и етичките аспекти на книжевното соочување со овој тип на психичка траума (семејна, траума на реципиент и друга) во нејзината книжевна обработка.

Во фокусот на истражувањето ќе биде романот „Индиго Бомбај“ на Јагода Михајловска Георгиева, награден со Роман на Годината за 2008 година, во 2012 преведен на српски (Геопоетика, Белград), во којашто година го доживува и своето шесто издание. Зошто токму овој роман меѓу сите коишто на овој или оној начин го засегаат и загатнуваат проблемот на потребата од трансплантација на органи? Најпрвин зашто во него сетилноста на човековото тело сѐ заплиснува од сите страни со нејзината разнообразност: бои, мириси, звуци, вкусови. Од друга страна, телесното страдање е еднакво активно на сцената во бедата и мизеријата на сиромаштијата па во овој контекст е сместен ликот на Гаруда и трговијата со внатрешни органи (момчето коешто е принудено да продаде свој бубрег за да ја избави од беда мајка си), како и болеста и смртта.

Романескната приказна е духовно патување во чијашто заднина е поставен проблемот на телото во спрега со поимањето на индивидуата и етичкиот проблем на трансплантација на органи. Сета траума е заднинска, и се разоткрива на крајот од „патувањето“, за кое отворено инаку авторката говори во своите раскази кои исто така ќе бидат дел од проследувањето.

Културолошката претпоставка на траумата е секако содржана во митот/библиската приказна на воскреснувањето на којашто ѝ е битно иманентно одредено поимање на телото. Поимањето на Исус како Богочовек се темели на чинот на „воскреснувањето“, чиешто воскреснато тело ги носи лузните на распетието, а што е особено апострофирано во наративот за неверниот Тома, та посочува со кој проблем се соочува христијанинот при помислата на скврнавење на телото.

**Natasha Avramovska**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## THE BODY, BODY OF THE OTHER BODY

The study will explore the phenomenon of taboo and psychological trauma related to the topic of organ transplantation and its transposition in Macedonian, as well as other literatures. This subject matter re-examines the understanding of the body in our culture, as well as in a global cultural context in the conditions of the new era of the posthuman, will explore the cultural assumptions of taboo and the ethical aspects of medical "engineering", as well as the taboo and ethical aspects of literary confrontation with this type of psychological trauma (family, recipient trauma and others) in its literary examination.

The focus of the research will be the novel *Indigo Bombay* by Jagoda Mihajlovska Georgieva, awarded the 2008 Novel of the Year award, in 2012 translated into Serbian (Geopoetika, Belgrade), in which year it also had its sixth edition. Why this novel out of all those that in one way or another touch upon and address the problem of the need for organ transplantation? First of all, because in it the human body's sensitivity bathes us from all sides with its diversity: colours, smells, sounds, tastes. On the other hand, bodily suffering is equally active on the stage in the squalor and misery of poverty, so in this context the character of Garuda and the trade in organs is placed – (the boy who is forced to sell his kidney to save his mother from misery), as well as illness and death.

The novel's story is a spiritual journey in whose background is the issue of the body in conjunction with the understanding of the individual and the ethical problem of organ transplantation. All trauma is in the background, and is revealed at the end of the "journey", which the author openly speaks about in her stories that will also be part of the analysis.

The cultural assumption of trauma is contained in the myth/biblical story of the resurrection, which immanently involves a certain understanding of the body. The understanding of Jesus as the God-man is based on the act of "resurrection", whose resurrected body bears the scars of the crucifixion, which is particularly emphasized in the narrative of Doubting Thomas, indicating the problem that the Christian faces at the thought of desecrating the body.

**Лорета Георгиевска-Јаковлева**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ИСТОРИСКАТА ТРАУМА И СОВРЕМЕНОСТА (преку примери на романите „Дискантрија“ од Д. Михајловски, „Град, години луѓе“ од Ј. Павловски и „Џахис и истребувачите на кучиња“ од П. Авировиќ и филмовите „Прашина“ од М. Манчевски и „Трето полувреме“ од Д. Митевски)

Овој труд ја анализира историската траума во современата македонска литература и кинематографија преку романите „Дискантрија“ од Драги Михајловски, *Град, години, луѓе* од Јован Павловски и „Џахис или истребувачите на кучиња“ од Пајо Авировиќ, како и филмовите „Прашина“ и „Трето полувреме“.

Теоретската рамка се темели врз концептите на културната, историска и структурна траума (Карут, Ла Капра, Александер, Фелман и Лојб). Анализата покажува дека траумата не е само тема, туку и наративна и структурна матрица. Македонската уметничка продукција ја артикулира траумата како идентитетски расцеп, историско повторување и колективно мемориско страдање.

**Loreta Georgievska-Jakovleva**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## HISTORICAL TRAUMA AND CONTEMPORANEITY (through examples of the novels *Diskantrija* by D. Mihajlovski, *City, Years, People* by J. Pavlovski and *Djahis and the Dog Exterminators* by P. Avirovich and the films *Dust* by M. Manchevski and *The Third Half* by D. Mitevski)

This paper analyzes historical trauma in contemporary Macedonian literature and cinema through the novels *Diskantrija* by Dragi Mihajlovski, *City, Years, People* by Jovan Pavlovski and *Djahis and the Dog Exterminators* by Pajo Avirović, as well as the films *Dust* and *The Third Half*.
The theoretical framework is based on the concepts of cultural, historical and structural trauma (Caruth, LaCapra, Alexander, Felman & Laub). The analysis shows that trauma is not only a theme, but also a narrative and structural matrix. Macedonian artistic production articulates trauma as an identity split, historical repetition and collective memory suffering.

**Мишел Павловски**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ТРАУМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО МАКЕДОНСКАТА ДРАМАТИКА ПРЕД И ПО 90-те (преку примери на драмите: „Еригон“ од Јордан Плевнеш, „Р“ од Јордан Плевнеш, „ММЕ кој прв почна“ од Дејан Дуковски, „Балканот не е мртов“ од Дејан Дуковски)“

Во текот на 20. век се случија промени кои според својата брзина, обем, зафат и длабочина се дотогаш невидени. Тие беа предизвикани од научни и технолошки иновации, предизвици на конкуренцијата, еманципаторски аспирации на масите, промена на идеологии, универзално образование, промена на политичките системи итн. Промените кои се ненадејни, сложени, фундаментални и неочекувани предизвикаат траума и имаат значајно и разновидно влијание на културата во општеството. Во такви случаи зборуваме за културна траума. Под културна траума се подразбира „дискурзивен одговор на разбивањето на социјалната структура, период кога темелите на воспоставениот колективен идентитет се разнишани од трауматска појава и имаат потреба од прераскажување и поправка.

Постоцијалистичките состојби во Источна Европа, следствено и во Македонија, се препознаваат како состојби кои предизвикуваат големи промени и потреси, следствено се означуваат како трауматски. Македонската уметност не останува резистентна на ваквите состојби, па соодветно реагира на промена на идеите. Трудот ќе ги елаборира своите ставови врз делата кои тематски ја обработуваат траумата од различни аспекти како: опозицијата Исток-Запад, менување на идентитетските матрици, промената на

идеите итн., водејќи сметка за врската помеѓу колективната и индивидуалната траума.

Поконкретно, при анализата на „Еригон“ од Јордан Плевнеш трудот посебен акцент ќе стави на последиците кои културната траума предизвикана од (не)припадноста кон групата, односно од исклучувањето од групата. Во „Еригон“ јасно е изразено траумотизирањето на чувството на другост кое т.н. core Europe го наметнува на одреден дел од европската територија и нации, во случајов Македонија. Главната последица на тоа траумотизирање, кога станува збор за Македонија и Македонците е односот потребата постојано да се самопотврдува и да се повикува на богатата традиција, култура и историја. Во драмата, значаен е и односот кон т.н. core Europe, изразито негативен. „ММЕ кој прв почна“ и „Балканот не е мртов“ од Дејан Дуковски се занимаваат со друг вид културна траума - значајни ломови во општествениот систем. Тука веќе не е толку акцентирано траумотизирањето на нацијата, туку последиците кои културната траума ги има врз поединци и помали општествени, социјални и културни групи. Треба да се нагласи дека „Балканот не е мртов“, во некои аспекти, се доближува до проблематиката која е централна во „Еригон“, односно, до чувството на другост во однос на т.н. core Europe.

**Mishel Pavlovski**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## TRAUMATIC CHANGES IN MACEDONIAN PLAYS PRE AND POST 90-IES

**(through examples of plays: *Erigon* by Jordan Plevnesh, *R* by Jordan Plevnesh, *Damn He Who Started It* by Dejan Dukovski, *The Balkans Is Not Dead* by Dejan Dukovski)**

During the 20th century changes occurred that were unprecedented in their speed, scope, reach and depth. They were caused by scientific and technological innovations, competitive challenges, emancipatory aspirations of the masses, changing ideologies, universal education, changing political systems, etc. Changes that are sudden, complex, fundamental and unexpected cause trauma and have a significant and diverse impact on culture in society. In such cases, we speak of cultural trauma. Cultural trauma is understood as a "discursive response to the breakdown of social structure, a period when the foundations of the established collective identity are shaken by a traumatic event and are in need of retelling and repair.

Post-socialist conditions in Eastern Europe, and consequently in Macedonia, are recognized as conditions that caused great changes and upheavals, and are consequently labelled as traumatic. Macedonian art was not resistant to such conditions, and therefore reacted appropriately to changes in ideas. This paper will elaborate its views on works that thematically address trauma from various aspects such as: the East-West opposition, changing identity matrices, changing ideas, etc., taking into account the connection between collective and individual trauma.

More specifically, in the analysis of *Erigon* by Jordan Plevnesh, the paper puts special emphasis on the consequences of cultural

trauma caused by (not)belonging to a group, i.e. by being excluded from the group. In *Erigon*, the traumatization of the feeling of otherness that the so-called core Europe imposes on a certain part of the European territory and nations, in this case Macedonia, is clearly expressed. The main consequence of that traumatization, when it comes to Macedonia and the Macedonians, is the need to constantly affirm oneself and to refer to the rich tradition, culture and history. In the play, the attitude towards the so-called core Europe is also significant, an extremely negative one. *Damn He Who Started It* and *The Balkans Is Not Dead* by Dejan Dukovski deal with another type of cultural trauma - significant fractures in the social system. Here, the traumatization of the nation is no longer so emphasized, but the consequences that cultural trauma has on individuals and smaller societal, cultural and social groups. It should be emphasized that *The Balkans Is Not Dead*, in some aspects, comes close to the issues that are central in *Erigon*, that is, the feeling of otherness in relation to the so-called core Europe.

**Биљана Рајчинова-Николова**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# РАЗЛИЧНИТЕ МОЖНИ ИСХОДИ ОД НЕОЧЕКУВАНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ТРАУМАТСКИ ПРОМЕНИ (преку примери на романите „Скриена камера“ од Лидија Димковска, „Сок од простата“ од Јован Павловски, и филмовите „Пред дождот“ од Милчо Манчевски, „Балканкан“ од Дарко Митревски)

Темелите на воспоставениот индивидуален (и колективен) идентитет може да се разнишаат од (конкретна) трауматска појава па поради автентичност, самопотврдување, самоидентификација и самоизнаоѓање индивидуата бара различни исходи. Во истражувањето се поаѓа од тврдењето на Шелева дека „траумата односно трауматската појава како последица на општествените и трауматски промени неретко знае да ја предзначи сета егзистенција на една заедница или индивидуа“ (Шелева, 2005: 63), и да предизвика големи потреси и последици врз идентитетот. Земајќи предвид дека кревкоста на идентитетот и неговата чувствителност на општествените и трауматски промени подразбира и различни исходи, истражувањето треба да одговори на прашањето кои се можните исходи и какви се егзистенцијалните идентитетски последици што произлегуваат од неочекуваните општествени и трауматски промени. Тезата е дека ненадејните, сложени, фундаментални и неочекувани општествени и трауматски промени предизвикуваат повреди и егзистенцијални последици врз идентитетот, кој преку различни исходи тежнее кон автентичност, самопотврдување, самоидентификација и самоизнаоѓање. За одговор на прашањето и испитување на

тезата се фокусираме на романите „Скриена камера“ од Лидија Димковска, „Сок од простата“ од Јован Павловски и филмовите „Пред дождот“ од Милчо Манчевски, „Балканкан“ од Дарко Митревски, користејќи ги сознанијата од постколонијалната теорија, имагологијата и студиите за идентитетот, оние кои го објаснуваат преку есенцијалистичкиот и конструктивистичкиот концепт на идентитет.

**Biljana Rajchinova-Nikolova**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## POSSIBLE VARIOUS OUTCOMES OF UNEXPECTED SOCIETAL AND TRAUMATIC CHANGES (through examples of the novels *Hidden Camera* by Lidija Dimkovska, *Prostate Juice* by Jovan Pavlovski and the films *Before the Rain* by Milcho Manchevski and *Bal-Can-Can* by Darko Mitrevski)

The foundations of the established individual (and collective) identity can be shaken by a (specific) traumatic event, so for the sake of authenticity, self-affirmation, self-identification and self-discovery, the individual seeks different outcomes. The research starts from Sheleva's claim that "trauma, that is, a traumatic event as a consequence of social and traumatic changes, can often mark the entire existence of a community or an individual" (Шелева, 2005: 63), and cause major shocks and consequences for identity. Taking into account that the fragility of identity and its sensitivity to social and traumatic changes also implies different outcomes, the research should answer the question about the possible outcomes and what are the existential identity consequences that arise from unexpected social and traumatic changes. The thesis is that sudden,

complex, fundamental and unexpected social and traumatic changes cause injuries and existential consequences on identity, which through various outcomes strives for authenticity, self-affirmation, self-identification and self-discovery. To answer the question and examine the thesis, we focus on the novels *Hidden Camera* by Lidija Dimkovska, *Prostate Juice* by Jovan Pavlovski and the films *Before the Rain* by Milcho Manchevski, *Bal-Can-Can* by Darko Mitrevski, using insights from postcolonial theory, imagology and identity studies, those that explain it through the essentialist and constructivist concept of identity.

**Тамара Ќупева**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ГЛАСОВИ НА ТЕЛОТО: АРХИВИ НА СВЕДОШТВА (патографија и фикција)

Овој труд ги истражува наративите на болеста во современата македонска книжевност, анализирајќи ги патографијата и фикцијата како литературни форми преку кои индивидуалната траума - телесна, психолошка и релациска, се претвора во приказна и јавно сведоштво. Централна теза е дека овие текстови ја опишуваат болеста, но истовремено ја конституираат како форма на откривање: на телото, идентитетот и на феноменологијата на преживеаното искуство.

Корпусот опфаќа дванаесет наслови од македонската книжевна продукција (2016–2025), систематизирани според жанровски, нараторски и тематски карактеристики, со осврт на доминантните книжевни постапки. Методолошката рамка е интердисциплинарна и ги поврзува книжевната теорија, наратологијата, теориите на траума, медицинската хуманистика и дигиталната хуманистика, потпирајќи се на теоретски пристапи на Артур Франк, Рита Чарон, Сузан Сонтаг и др. Анализираните текстови се интерпретираат низ призмата на нивната документарна вредност и лично сведоштво, но и преку книжевните постапки кои им даваат естетска димензија. Резултатите од истражувањето го имаат форматот на онлајн платформа – жива, книжевна, едукативна и научно поткрепена архива на македонски наративи на болеста, со перспективи за примена во медицинската хуманистика, наративната медицина и медицинската едукација.

**Tamara Kjupeva**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## VOICES OF THE BODY: ARCHIVES OF TESTIMONIES (pathography and fiction)

This paper explores narratives of illness in contemporary Macedonian literature, analyzing pathography and fiction as literary forms through which individual trauma - bodily, psychological and relational - is transformed into a story and public testimony. The central thesis is that these texts describe illness, but at the same time constitute it as a form of discovery: of the body, the identity and the phenomenology of the lived experience.

The corpus includes twelve titles from the Macedonian literary production (2016–2025), systematized according to genre, narrative and thematic characteristics, with a focus on the dominant literary procedures. The methodological framework is interdisciplinary and connects literary theory, narratology, theories of trauma, medical humanities and digital humanities, relying on theoretical approaches by Arthur Frank, Rita Charon, Susan Sontag and others. The analyzed texts are interpreted through the lens of their documentary value and personal testimony, but also through literary procedures that give them an aesthetic dimension.

The results of the research have the format of an online platform - a living, literary, educational and scientifically supported archive of Macedonian narratives of illness, with perspectives for application in medical humanities, narrative medicine and medical education.

**Ана Јовковска**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ТРАУМАТА И БОРБАТА СО СМРТТА ВО РОМАНИТЕ „СЀ УШТЕ МОЖАМ НЕШТО ДА СТОРАМ“ ОД ФРОСИНА ПАРМАКОВСКА И „НЕКОЈ БИЛ ТУКА“ ОД НИКОЛИНА АНДОВА-ШОПОВА

Траумата претставува комплексен психолошки феномен што се проучува низ различни научни дисциплини. Концептот на траумата сè повеќе добива истражувачки интерес и во книжевните и културолошките студии. Затоа, овој труд, низ психоаналитички метод и компаративна анализа ќе се обиде да ја обработи темата за траумата во литературата низ процесите на раѓањето и смртта. Фокусот ќе биде траумата низ родова перспектива во македонскиот современ роман. Конкретно, психичката траума и машкиот поглед на потомството во борбата со смртта, анализирани преку романите „Сè уште можам нешто да сторам“ (Или-или, 2023) од Фросина Пармаковска и „Некој бил тука“ (Темплум, 2018) од Николина Андова-Шопова. Низ критичко читање на овие психолошки комплексни дела, ќе ги детектираме трауматските искуства во корелација со менталните нарушувања и феноменот на самоубиство.

Научната апаратура на трудот ќе се движи меѓу книжевните студии, психоанализата и родовите студии. Деконструирајќи го женскиот и машкиот субјективитет и идентитет, ќе ја побараме причинско-последичната врска меѓу родовата репресија, психичкиот немир, востоличените општествени норми, сексуалноста, инфертилитетот, загубата на дете, емотивно-когнитивните процеси на личноста, автоагресијата и суицидалноста.

**Ana Jovkovska**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

# TRAUMA AND THE STRUGGLE WITH DEATH IN THE NOVELS *I CAN STILL DO SOMETHING* BY FROSINA PARMAKOVSKA AND *SOMEONE WAS HERE* BY NIKOLINA ANDOVA-SHOPOVA

Trauma is a complex psychological phenomenon that is studied across various scientific disciplines. The concept of trauma is increasingly gaining research interest in both literary and cultural studies. Therefore, this paper, through a psychoanalytic method and comparative analysis, will attempt to address the topic of trauma in literature through the processes of birth and death. The focus will be on trauma through a gender perspective in the Macedonian contemporary novel. More specifically, psychological trauma and the male perspective on offspring in the struggle with death, analyzed through the novels *I Can Still Do Something* (Ili-ili, 2023) by Frosina Parmakovska and *Someone Was Here* (Templum, 2018) by Nikolina Andova-Shopova. Through a critical reading of these psychologically complex works, we will detect traumatic experiences in correlation with mental disorders and the phenomenon of suicide.

The scientific apparatus of the work will move between literary studies, psychoanalysis and gender studies. By deconstructing female and male subjectivity and identity, we will examine the causal relationship between gender repression, psychological anxiety, established social norms, sexuality, infertility, the loss of a child, a person's emotional-cognitive processes, autoaggression and suicidal ideation.

**Сара Цветановска**
Докторанд при Институтот за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ВНАТРЕШНИТЕ ПРОСТОРИИ НА МОДЕРНАТА: ТРАУМА, РОД И СУБЈЕКТИВНОСТ ВО ДЕЛАТА НА КИНЕСКИТЕ ПИСАТЕЛКИ ОД МОДЕРНИОТ ПЕРИОД

Овој труд ја анализира артикулацијата на домашната траума во прозните дела на кинеските писателки од модерниот период (1912–1949), во контекст на радикално преиспитување на родовите улоги и обмислување на „новата жена“, и прави историска паралела со македонскиот случај. Наспроти претходната книжевна традиција, во која женската траума е нормализирана, морализирана и естетизирана, кинеската модерната отвора нови дискурзивни простори во кои женската траума добива автентичен израз. Анализата покажува дека модерните писателки ја трансформираат идејата за женското искуство на домот од идеализирано место на доблест, во простор обележан со психолошка, релациска и социоекономска повреда.

Потпирајќи се врз теоријата на траумата, феминистичката критика и марксистичката анализа, трудот ја разгледува родово обликуваната емоционална и психолошка траума во контекст на семејните и пошироките социо-општествени односи, обликувани од конфуцијанскиот патријархат и неговиот судир со модерноста. Методолошки, трудот применува литературна анализа и културна херменевтика, читајќи ги делата на авторките низ призмата на траумата.

**Sara Cvetanovska**
PhD Candidate Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## THE INNER CHAMBERS OF MODERNISM: TRAUMA, GENDER AND SUBJECTIVITY IN THE WORKS OF CHINESE WOMEN WRITERS IN THE MODERN PERIOD

This paper analyzes the articulation of domestic trauma in the prose works of Chinese women writers from the modern period (1912–1949), in the context of radical re-examination of gender roles and the contemplation of the “new woman”, and draws a historical parallel with the Macedonian case. In contrast to the previous literary tradition, in which women’s trauma was normalized, moralized and aestheticized, Chinese modernism opens up new discursive spaces in which women’s trauma finds authentic expression. The analysis shows that modern women writers transform the idea of the female experience of the home from an idealized place of virtue, into a space marked by psychological, relational and socioeconomic injury.
Drawing on trauma theory, feminist criticism, and Marxist analysis, the paper examines gender shaped emotional and psychological trauma in the context of family and broader socio-social relations shaped by Confucian patriarchy and its clash with modernity. Methodologically, the paper applies literary analysis and cultural hermeneutics, reading the works of women authors through the lens of trauma.

**Винсент Вилчник**
Докторанд при Институтот за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИ И СЕМЕЈНИ ПСИХОЛОШКИ ТРАУМИ ВРЗ СЛЕДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ВО РОМАНОТ „ЕДИНСТВЕН МАТИЧЕН БРОЈ“ НА ЛИДИЈА ДИМКОВСКА И „ПРОСТУВАЊЕ“ НА КИЦА КОЛБЕ

Трудот го истражува пренесувањето на колективните и семејните психолошки трауми врз следните генерации во романите „Единствен матичен број“ (2023) од Лидија Димковска и „Простување“ (2024) од Кица Колбе. И двете дела ја разработуваат траумата не само како индивидуално искуство, туку како наследство што се пренесува меѓу генерациите, обликувајќи идентитети, односи и перцепции за светот. Во двата романа, семејството се појавува како централен медиум преку кој траумата се артикулира и пренесува меѓу генерациите. Предмет на ова истражување е анализата на трансгенерациската траума како книжевен и психолошки феномен, со фокус на начините на кои родителските искуства на загуба, насилство и дислокација се рефлектираат врз идентитетот и емоционалниот свет на нивните потомци. Особено внимание се посветува на прашањето како ликовите–родители ги пренесуваат своите трауматични искуства и механизмите на справување врз своите деца, како и на тоа низ кои афективни состојби и наративни обрасци се манифестира таа траума.

Во таа насока, истражувањето ги поставува следните прашања: на кој начин се артикулира трансгенерациската траума во рамките на семејниот наратив; преку кои конкретни дејствија и емоционални состојби се пренесува таа траума; и дали и како поновите генерации развиваат

различни стратегии на соочување со наследените психолошки товари.

Дополнително, трудот го разгледува и аспектот на колективната траума поради егзил, насилни национални поделби кои се портретирани во романот. На тие прашања ќе биде одговорено преку анализата на поединечни протагонисти во романите на Л. Димковска и К. Колбе.

**Vinsent Vilcnik**
PhD Candidate Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## TRANSMISSION OF COLLECTIVE AND FAMILY PSYCHOLOGICAL TRAUMAS ON SUBSEQUENT GENERATIONS IN THE NOVELS *UNIQUE CITIZEN NUMBER* BY LIDIJA DIMKOVSKA AND *FORGIVENESS* BY KICA KOLBE

The paper explores the transmission of collective and family psychological traumas to subsequent generations in the novels *Unique Citizen Number (Edinstven matichen broj)* (2023) by Lidija Dimkovska and *Forgiveness* (2024) by Kica Kolbe. Both works elaborate trauma not only as an individual experience, but as a legacy that is transmitted between generations, shaping identities, relationships and perceptions of the world. In both novels, the family appears as a central medium through which trauma is articulated and transmitted between generations. The subject of this research is the analysis of transgenerational trauma as a literary and psychological phenomenon, with a focus on the ways in which parental experiences of loss, violence and relocation are reflected on the identity and emotional world of their descendants. Particular attention is paid to the question of how parent characters transmit their traumatic experiences and coping mechanisms to their

children, as well as through which affective states and narrative patterns this trauma manifests.

In this regard, the research poses the following questions: how is transgenerational trauma articulated within the family narrative; through which specific actions and emotional states is that trauma transmitted; and whether and how newer generations develop different strategies for coping with inherited psychological burdens.

Additionally, the paper also examines the aspect of collective trauma due to exile, violent national divisions that are portrayed in the novel. These questions will be answered through the analysis of individual protagonists in the novels by L. Dimkovska and K. Kolbe.

**Сарита Трајанова**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КНИЖЕВНОСТА И НИВНОТО ДЕЛУВАЊЕ ВО ТУРБУЛЕНТНИ ОКОЛНОСТИ

Во рамките на проектната тема ќе ги истражувам институциите од областа на книжевноста и нивното делување во променливи, турбулентни околности. Терминот „институции“ се однесува на македонските јавни институции (институт, факултет, библиотеки, издавачки куќи, писателски здруженија, фестивали...), но и на одредени приватни иницијативи чии активности оставаат значаен белег во македонскиот уметнички контекст. Нивните „трауми“ се политички и културни: цензурирање на автори, финансиски кризи, ревизии на каноните, прекини во континуитетот на работа на проекти, молк на професионалната литературна критика, влијанија од етничките конфликти и политичките спорови. Со земјотресот во 1963 година неповратно се изгубени драгоцени документи од македонската книжевна историја, при што особено била погодена националната библиотека. Посебна рефлексија во функционирањето на институциите има транзицискиот период – преминот од социјализам во (нео)либерален капитализам кога одредени институции, пр. големите издавачки куќи во Македонија доаѓаат до работ на опстанок и ова е една од најдраматичните трауми на современиот книжевен систем, којашто се одразува на создавањето, промовирањето и зачувувањето на книжевноста. Во социјалистичкиот период, тие имале стабилен буџет, институционална заштита, сигурни тиражи, централизирана дистрибуција, а по 1991 година, со распадот на заедничкиот југословенски пазар, сето тоа

преку ноќ исчезнува – тиражите паѓаат, се гаснат редакции, се отпуштаат уредници и лектори, се приватизираат книжарници, кои даваат приоритет на комерцијални изданија, странски наслови и бестселери, а македонските автори остануваат на маргините. Уште една длабока, системска траума е пропаѓањето на одредени книжевни списанија кои во 90-тите претставувале лабораториски простор на книжевноста: место каде се тестирале идеи, се формирале генерации и се создавала критика. По 2000 година почнува да се преиспитува позицијата на институциите во општеството, да се гради културна политика и да се развиваат менаџерски стратегии за нивен адаптивен развој во нестабилните услови. За работа на темата ќе се консултира литература која се однесува на теоријата на организациските трауми, како и наслови кои се однесуваат на кризи во културните и уметничките институции.

**Sarita Trajanova**
Institute of Macedonian Literature,
University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

## INSTITUTIONS IN THE FIELD OF LITERATURE AND THEIR FUNCTIONING IN TURBULENT CIRCUMSTANCES

For this paper I will explore the institutions in the field of literature and their operation in changing, turbulent circumstances. The term “institutions” refers to Macedonian public institutions (institute, faculty, libraries, publishing houses, writers’ associations, festivals...), but also to certain private initiatives whose activities leave a significant mark in the Macedonian art context. Their “traumas” are political and cultural: censorship of authors, financial crises, revisions of

canons, interruptions in the continuity of work on projects, silence of professional literary critics, influences from ethnic conflicts and political disputes. In the 1963 earthquake valuable documents from Macedonian literary history were irretrievably lost, with the national library being particularly affected. The institutions' functioning was particularly impacted during the transition period – the transition from socialism to (neo)liberal capitalism, when certain institutions, e.g. major publishing houses in Macedonia were on the verge of survival, and this is one of the most dramatic traumas of the contemporary literary system, which is reflected in the creation, promotion and preservation of literature. In the socialist period they had a stable budget, institutional protection, reliable circulations, centralized distribution, and after 1991, with the collapse of the common Yugoslav market, all of this disappeared overnight – circulations fell, editorial offices were closed, editors and proofreaders were fired, bookstores were privatized, which gave priority to commercial editions, foreign titles and bestsellers, while Macedonian authors were left on the margins. Another deep, systemic trauma is the collapse of certain literary magazines that in the 90s represented a laboratory space for literature: a place where ideas were tested, generations were formed and criticism was created. After 2000, the position of institutions in society began to be re-examined, cultural policy was built, and management strategies were developed for their adaptive development in unstable conditions. Literature related to the theory of organizational traumas will be consulted for the purpose of this topic, as well as titles related to crises in cultural and art institutions.

КНИГА НА АПСТРАКТИ / BOOK OF ABSTRACTS

ТРАУМАТА ВО ЛИТЕРАТУРАТА / TRAUMA IN LITERATURE
Меѓународна конференција во рамки на научниот проект /
/ International Conference Within the Scientific Project

Издавач / Publisher
Институт за македонска литература – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје /
Institute of Macedonian Literature – Skopje
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

За издавачот / For the Publisher
Наташа Аврамовска / Natasha Avramovska

Печат / Printed by
МАР-САЖ – Скопје / MAR-SAZ – Skopje

Тираж / Print run
35

Адреса на издавач / Address of the Publisher

Институт за македонска литература – Скопје,
УКИМ,
Григор Прличев бр. 5. П.фах 455 /
Institute of Macedonian Literature – Skopje, UKIM,
Grigor Prličev, No. 5, P.O.box 455

+389 2 3220 309
maclit@iml.edu.mk
www.iml.edu.mk